moja ЗЕМЈА
СПИСАНИЕ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ
април 2009, број 42
цена 50 ден

ТРАКТОР БЕЛАРУС

РАСАДОТ Е ВАЖЕН ЗА УСПЕШНО ГРАДИНАРСТВО

ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ДА КУПУВААТ СЕРТИФИЦИРАН МАТЕРИЈАЛ

„ЏИНОВСКА ТОПКА” ПРОПОЛИС

КАКО ДА ЗАРАБОТИШ ОД НОЕВИ?

ISSN 1857-534X

Најнови берзански информации од земјава и регионот

ОСИГУРАЈТЕ ЈА ИНВЕСТИЦИЈАТА
НА ВАШИОТ ЖИВОТ ВО СИГУРНА КОМПАНИЈА

UNIQA

Осигурување на Новата Генерација.

Последна шанса!

Купете го најквалитетното и најпродаваното возило за најповолна цена.

Fiesta 5 five

FordFiesta | Feel the difference

Ford

~~9590€~~
589785-ден.

8990€
552885-ден.

СО ГРАТИС ОПРЕМА:
1. клима уред
2. радио ЦД
3. металик боја
4. далечинско заклучување
5. 5 врати

стандардна опрема на возилото:

Воздушно перниче за возач и совозач, IPS, PATS, затемнети стакла, електрично задвижување на предни стакла, волан подесив по висина, подесување на возачко седиште по висина, нивелирање на фарови, серво управувач, централно заклучување, дигитален часовник, 14" бандажи

АвтоцентарБТ Битола	Амбасадор Охрид	Ве-Го Авто Прилеп	Ко-Ко Компани Тетово	Тефо-Со Кавадарци	Ник Моторс Струмица	Инбексо КарГевгелија	Ми-Да Моторс Скопје
047/203 535	046/262 800	048/433 317	044/350 400	043/412 858	034/340 833	034/218 902	02/3073 103

Столбот на фармерот

Почитувани читатели,

Некој во државава упорно се обидува да го урниса пиедесталот на гордиот земјоделец. Говорам за оној столб, кој последниве години, му го даваат вистинското значење на фармерот во земјава, како на човек кој произведува нешто и соодветно (финансиски и морално) е награден за тоа. За онаа категорија која макотрпно, бавно и чесно го заработува лебот и која на ниту еден начин не се обидува да им наштети на другите.

Столбот на кој гордо стои фармерот е на удар. Се ветуваат огромни пари, но за жал, дел од земјоделците не успеваат да го почуствуваат благодетот на таа поддршка. Една обиколка на теренот ќе покаже дека многу земјоделци, поради разни причини, не зеле субвенции. Вториот сериозен удар го зададоа недоразбирањата меѓу содружниците во една млекарница. По принципот двајца се караат, третиот губи, фармерите останаа „со кратки ракави". Останаа без пари, без млеко или со брда сирење и кашкавал. Власта им го сврте грбот, заборавајќи дека ја билда својата позиција на успешна Влада преку оваа „успешна инвестициска приказна". Некои сточари грациозно одгледуваат ноеви. Но, повторно, проблеми. Нема каде да ги заколат, продадат и да ги наполнат своите џебови. И има уште многу удари. Проблеми со неквалитетен семенски материјал, неможност за остварување на правото на пензија, чести промени во законодавството, усогласувања...

Сепак, доколку погледнете позади столбот на фармерот, ќе забележите дека тој се крепи на нивната организираност. Федерацијата на фармерите, како и досега, и натаму продолжува со лобирање, застапување и информирање на и за земјоделците. Заедно со релевентните институтиции работи на решавање и ублажување на ударот од земјоделското цунами. Токму врз онаа категорија, која во светската економска криза, го претставува реалниот сектор на кој ќе преживеат многу земји. Федерацијата, со сите свои капацитети, нема да дозволи урнисување на столбот на фармерите. Има начини, механизми и правила за „битка" со сите удари, освен со ударот на климатските промени. На нив може да влијаеме сите заеднички и уште поорганизирано. Затоа што (д)ефектите ќе ги чуствуваме.

Со почит,
Тодор Стојчевски

Мартин Трајчев
МАКЕДОНИЈА ПОДГОТВЕНА, ФАРМЕРИТЕ НЕ 6

АПРЗ
БОЛЕСТИ И ЗАШТИТА КАЈ МЛАДИОТ РАСАД

15

Овчарство
ОВЧАРСТВОТО Е РЕШЕНИЕ ЗА НЕВРАБОТЕНОСТА 22

Градинарство
КАКО ДО ПОВИСОКИ ПРИНОСИ?

28

Поледелство
СОЈАТА - ПРЕДИЗВИК ЗА МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО 34

Списанието е финансиски поддржано од Шведската агенција за меѓународен развој. Оваа помош се состои и од директно пренесување на искуствата и знаењата од фармерите во Шведска на фармерите во Македонија преку проектот Поддршка на земјоделските здруженија во Република Македонија - СФАРМ.

ФФРМ Медија

Списанието „Моја земја" излегува месечно и е во сопственост на Федерацијата на фармери во Република Македонија. Првиот број излезе како организациски билтен на ФФРМ во април 2003 година, а од декември 2006 се дистрибуира како месечно специјализирано списание за земјоделство и рурален развој.

Моја земја
април 2009

Издавач:
ФФРМ Медија
Ул. Гиго Михајловски
бр.3, 1000 Скопје
тел / факс: 02/ 3099042
e-mail: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Број на ж-сметка:
250-0050000485-38
Банка деп.: Инвест Банка
380-1-6453333 001- 46
Прокредит банка

Главен и одговорен уредник
Тодор Стојчевски
todor.stojcevski@media.ffrm.org.mk

Маркетинг и дистрибуција
Благојче Најдовски, тел.: 070 937 132
blagojche.najdovski@media.ffrm.org.mk

Фатиме Исаи
fatime.isai@ffrm.org.mk

Директна продажба и промоција
Антоанета Димова
antoaneta.dimova@media.ffrm.org.mk

Извршен директор на ФФРМ
Трајан Димковски
trajan.dimkovski@ffrm.org.mk

Лектор:
Верица Неделкоска

Новинари:
Берта Китинска, Кенан Мимидиновски, Светлана Дарудова, Мајлинда Ибраими, Трајче Строимански

Стручни соработници:
Дипл. агр. инж. Стојан Глигоров
Проф. д-р Ѓоко Буневски,
Проф. д-р Љупчо Михајлов,
Проф. д-р Драги Таневски

Соработници:
Сузана Димитриевска, Марија Ѓошева Ковачевиќ, Мартин Трајчев, Ристо Велков, Газменд Саити, Стојанче Анастасов, Коле Пасков, Благојче Котески

Дизајн: Бригада дизајн - Скопје

Печати: Пропоинт - Скопје

Почитувани читатели, сите сугестии, забелешки, прашања и критики, Ве молиме, да ги испраќате на маил адресите наведени во импресумот. Со тоа ќе влијаете на квалитетот на содржината и ќе добиете информации за ваше подобро и поквалитетно земјоделско производство или развој на средината. Затоа, редакцијата Ве охрабрува да ни пишувате.

КРАТКО **Предвидено решение за проблемот со високите придонеси кај регистрираните земјоделци**

Фармерите „бегаат" од регистрирање за придонеси

Министерството за финансии, по барање на фармерите, предвидува измени во начинот на пресметување на придонесите за регистрирани земјоделци, според кои земјоделците кои остваруваат помал нето приход ќе плаќаат и помали придонеси за кој минимумот е 3.713 денари и обратно

Многу фармери планираат да се откажат од формата „регистрирани земјоделци" поради високите трошоци за придонеси. Како самостојни вршители на стопанска дејност, тие имаат обврска да уплаќаат околу 7.400 денари месечно за пензиско и здравствено осигурување. Трошоците се многу високи и ретко кој земјоделец може да ги покрие, особено во период надвор од сезонското производство кога едно земјоделско семејство нема никакви приходи.

Според Министерстсвото за финансии оваа состојба се надминува со предложените измени на Законот за придонеси, кои веќе се усвоени од Владата. Според овие измени, основицата за пресметување на придонеси нема да биде просечна плата во земјава туку основица ќе биде месечната аконтација на нето приходот на кој се плаќа и персоналниот данок на доход. Во овој случај, основицата не може да биде пониска од 50% од просечната плата по работник. Придонеси кои се плаќаат на најниска основица ќе изнесуваат 3.713 денари.

Ова, едноставно објаснето, значи дека доколку на индивидуален земјоделец му е утврден нето приход (книговодствено расходи - приходи) од 200.000 денари за минатата година, 1/12 од таа добивка е 16.666 денари. Оваа сума од 16.666 е основица за пресметување на придонеси и тие ќе изнесуваат 4.500 денари. Меѓутоа, ако пресметката покаже дека месечната висина на нето приходот е помала од 13.750 денари, тогаш основица за придонесите е 50% од просечната плата, односно за 13.750 денари, висината на придонеси е 3.713 денари.

Овие измени се планираат од овој месец, но ќе важат ретроактивно од јануари годинава. Оваа информација не треба да биде сфатена како губење на обврската на земјоделците да си ги поднесуваат пресметките (МППИН образец) во периодот до излегување на промената во Службен весник. Бидејќи измените ќе бидат со важност од 01.01. 2009 година, односно ќе важат по стапување на промените во сила, ќе се изврши пресметка на основица нето-приход и за претходните месеци. Доколку се утврди дека по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување бил уплатен поголем износ, ќе се направи негово враќање (или ќе се третира како аконтативна уплата на придонеси за наредните месеци).

Марија Ѓошева Ковачевиќ
Аналитичар во ФФРМ

ВЕСТ **Нејаснотии околу пријавувањето на персонален данок на доход**

„Персоналецот" е обврска на фармерите, не на преработувачите

Многу земјоделци, преработувачи и трговци немаат јасни насоки за обврските за пријавување и плаќање персонален данок на доход. Моментално постои вакуум во спроведувањето на Законот за персонален данок на доход во земјоделството поради измените во законската регулатива. На земјоделците и на преработувачите не им јасно дали треба да им се уплаќа данокот на земјоделците. Поради оваа несигурност, некои откупци или преработувачи го уплаќаат данокот во име на земјоделците со цел да се заштитат себеси од евентуални казни доколку не платат. Исто така, земјоделците имаат нејаснотии околу пријавувањето за паушалното оданочување кога нивните приходи се помали од 1.300.000 денари на годишно ниво. Лани, обврската за плаќање на персоналниот данок на доход за физички лица кои нема да достават документ по кој основ се даночни обврзници, исплатувачот или преработувачот имаше обврска да го наплаќа во име на земјоделците и тоа 10 % данок на 65% од бруто приходот или во овој случај од откупната цена.

Федерацијата на фармери во Република Македонија го адресираше овој проблем до Министерството за финансии. По директната средба со министерот за финансии, Трајко Славевски, добивме одговор дека со новите законски измени одговорноста за уплаќање на персоналниот данок на доход ја има самиот земјоделец а не исплатувачот (преработувачите и откупците на земјоделски производи). Ова подразбира дека ИСПЛАТУВАЧИТЕ НЕ СМЕАТ ДА ГО УПЛАЌААТ ПЕРСОНАЛНИОТ ДАНОК НА ДОХОД ВО ИМЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ, без разлика за која категорија земјоделци станува збор. Пријавувањето за паушално оданочување на физичите лица кои не се регистрирани земјоделци можат да го направат до крај на годината (25 декември), но тоа се однесува за земјоделци кои остваруваат приходи до 1.300.000 денари, каде важи целосното ослободување од плаќање на персонален данок на доход за приходи од 0-300.000 денари или со признавање на 80% од нормираните трошоци кога се остварува приходи 300.000 до 1.300.000 денари годишно.

Марија Ѓошева Ковачевиќ
Аналитичар во ФФРМ
коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

Говедарство - сектор во колапс

Според стратегијата за развој на говедарството се предвидуваат мерки за зголемување на расниот квалитет на говедата, зголемување на бројот на говеда до 20 грла по земјоделско семејство, зголемување на продуктивноста за производство на млеко, задржување или проширување на количините на производството на млеко итн. Сето ова звучи убаво, но пропаѓа во вода поради состојбата во млекарството (која трае долго време). Прво, кооперантски односи помеѓу фармерите и преработувачите беа неусогласени. Потоа, се појавија проблемите со наплата, односно ненаплата на персоналниот данок на доход, ниските откупни цени и неисплаќање на млекото.

Сегашните збиднувања со откупот, цените и исплаќањето на млекото, ќе има големи последици на подолг рок. Причини за ова се изгубената доверба во млечната индустрија, продадените грла говеда, слабата финансиска моќ на фармерите и се помалиот број земјоделци кои ќе се занимаваат со оваа гранка. Од бројот на грла, кој во 2007 година бил 253.000, се очекува негово преполовување. Освен производителите, последиците ќе бидат рефлектирани и врз потрошувачите кои мора да купуваат увозно млеко по повисоки цени.

Ниту една институција не застана во вистинска заштита на фармерите. „Пазарна економија" како изговор на сите владини претставници не треба да подразбира и неискористување на некои од расположливите механизми за решавање на проблемот. Предвидените владини стимулации беа само залажување, но не и решение на проблемот, доколку се спореди со долгот на млекарницата „Сведмилк" кон фармерите.

Фармите кои нема каде да го предаваат млекото или поради ниските цени не сакаат да го предаваат, веќе го преработуваат во сирење. Но, повторно, се соочуваат со пласманот на тоа сирење оти немаат документ за неговиот квалитет. Моменталната ситуација ќе ги принуди овие фармери да се занимаваат и со нелегална продажба на овие производи. Според фармерите, излез на оваа ситуација е кравјото млеко да влезе во Правилникот за производство на традиционални производи, како што ќе важи и за производството на производи од овчо и козјо млеко или да се создадат услови за промет на овие производи.

Недим Касами
член на Управен одбор на ФФРМ

Земјоделците на Балканот имаат исти проблеми

Земјоделците од регионот не се конкурентни, поседуваат мали површини земја и не се доволно организирани, освен во Македонија каде што Федерацијата на фармери, на национално ниво, ги застапува правата и интересите на сите фармери од сите сектори во земјоделството. Освен тоа, голем дел од производството не е стандардизирано, има високи трошоци и скапи инпути за производство, ниски приноси по единица производ и недоволно едуцирани земјоделци. Ова се дел од заклучоците што произлегоа од анализите презентирани од учесниците во третата фаза на Балканската мрежа на земјоделски здруженија (БААН), на последниот состанок кој се одржа во Црна Гора. Во оваа, трета фаза се презентираа ситуациските анализи во земјоделските сектори на дел од земјите на Западен Балкан и се донесоа повеќе заеднички заклучоци. Од анализите произлезе дека поради своите аспирации за влез во Европската Унија, земјите во регионот, во трката да применат што повеќе закони во земјоделството, слабо ги вклучуваат фармерите. Токму затоа, законските решенија, подоцна, тешко се спроведуваат. Посебен акцент се даде на развојот на руралната средина и големите потенцијали на земјите од регионот за производство на здрава храна и заштита на животната средина.

Решенија на заедничка маса

Анализите на состојбите во земјоделството во регионот, исто така, покажаа дека степенот на задоволување на потребите од сопствено производство е недоволен (нема доволно производство на храна). Со нив се покажа и каква е надворешната трговија со храна, либерализацијата и глобализацијата, искористеноста на ресурсите и кои ресурси ги имаме, каква е интервенцијата на државната аграрна политика и кој ја прави, каква е финансиската поддршка што ја даваат државите за земјоделскиот сектор, колкав е степенот на партнерство во креирањето на законите во државите, дали има фер партнерство (дефинирање на договор и почитување помеѓу владиниот и невладиниот сектор) и каква е улогата на невладините организации во креирањето на јавното мислење. Во следната фаза на БААН ќе се реши кои прашања што ги засегаат сите земји, заеднички, ќе се разгледуваат понатаму и на кој начин, поконкретно, ќе се дејствува за нивно решавање и лобирање, под менторство на претставници на Шведската федерација на фармери и поддршка од донаторот, СИДА.

Сузана Димитриевска
Член на УО на ФФРМ
коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Сите проблеми пред Европската комисија

Стафан Нилсон, претседател на Група 3 при Европскиот и социјален комитет, лично ќе се залага сите заеднички прашања што ќе произлезат од БААН состаноците да се разгледаат од членовите на Европската комисија.

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Акредитација за „Платежната"

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој доби национална акредитација од Националниот служ- беник за одобрување (НАО), во текот на минатиот месец, како дел од оперативната структура за примена на средствата од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија (ИПАРД). Оваа акредитација претставува дел од севкупниот процес на остварувањето на правото на Република Македонија, како земја-кандидат за полноправно членство во ЕУ, да управува со парите од претпристапните фондови на Европската Унија. Средствата од петтата компонента на претпристапната помош (ИПАРД) во областа на земјоделството и руралниот развој, во вредност од 45,5 милиони евра за периодот од 2007 до 2011 година, ќе бидат достапни за користење по завршувањето на преносот на правото за управување (conferral of management rights) од страна на Европската комисија - Генерален директорат за земјоделство и рурален развој.

Процесот на акредитација целосно ќе заврши со добивање на правото за управување со европските средства и почетокот на користење на доделените средства во земјоделството и руралниот развој до крајот на 2009 година

Истовремено, информираме за специфичноста на петтата компонента и сложеноста на целокупната постапка за добивање на правото за управување со резервираните средства од аспект на самостојно одлучување при доделувањето средства од самата земја-кандидат, без претходна контрола од страна на ЕУ. Самостојноста во одлучувањето, всушност, значи целосна одговорност на земјата-корисник, но истовремено и зголемена контрола од страна на Унијата во поглед на доделување на самото право за управување со парите и оправданоста и целисходноста на искористените средства. Ова ја зголемува обемноста и значењето на извршената работа од сите релевантни институции, како што се Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, Управувачкото тело при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Националниот фонд (Министерство за финансии), Секретаријатот за европски прашања и Ревизорското тело во Државниот завод за ревизија.

Во текот на следните месеци претстои завршување на започнатиот процес преку демонстрирање на целосна подготвеност на структурите за примена на европското законодавство од доменот на руралниот развој и примена на правилата на цврст финансиски менаџмент. Процесот на акредитација целосно ќе заврши со добивање на правото за управување со европските средства и почетокот на користење на доделените средства во земјоделството и руралниот развој до крајот на 2009 година.

Македонија п

Европските пари ќе можат да го користат „европските" земјоделци, односно оние кои се доволно големи и пазарно ориентирани. Илузија е помислата дека малите фармери ќе видат европски пари

1. Зошто беше потребно да се отвори канцеларија на земјоделците во седиштето на ЕУ?

- Согласно бројките од последниот земјоделски попис, над 400.000 жители на Македонија, директно или индиректно, се поврзани со земјоделството. Оттаму, ФФРМ како претставник на нивните интереси, сметаше дека овие 25% од населението мора да бидат соодветно информирани за евроинтеграциските процеси на РМ, како и за предностите и предизвиците кои ги носи членството во Унијата за да донесат правилна одлука околу нашето евентуално пристапување во Унијата. Тоа најдобро се прави, на самиот извор, во Брисел. Со отворање на канцеларијата, на нашите земјоделци им овозможуваме место во Европската престолнина, контакти со сите релевантни европски институции и место на масата во главната ЕУ лоби група за земјоделство Копа-Кожека, преку учество во работата во нивните работни групи.

2. Како обичниот македонски фармер може да ги оствари своите агро-интереси во Унијата?

- Исклучиво здружен. Индивидуалниот глас не се слуша во Унијата. Нашите интереси најдобро ќе бидат заштитени само ако настапуваме едногласно. Инаку, пред пристапувањето во ЕУ, земјоделците од Македонија можат само да бидат информирани за тековните процеси и врз основа на правилно изградени ставови, да лобираат дома за да им се обезбеди подобра позиција пред и во текот на преговорите за членство. По пристапувањето во Унијата, земјоделците преку ФФРМ, покрај лобирањето дома, ќе можат да лобираат и кај европските институции за обезбедување на подобри услови за земјоделскиот сектор.

3. Дали Македонија е подготвена за искористување на ИПАРД и на другите европски земјоделски фондови за државите кои не се членки на Заедницата?

- Македонија е подготвена. Фармерите не се. Платежната агенција во следните неколку месеци најверојатно ќе ја добие долго очекуваната европска акредитација и фондовите ќе ни бидат на располагање, но погрешно е да се мисли дека сите ќе можат да ги користат фондовите. Европските пари ќе можат да го користат „европските" земјоделци, односно оние кои се доволно големи и пазарно ориентирани. Илузија е помислата дека малите фармери ќе видат европски пари. Единствената шанса им е во здружувањето во задруги за да постигнат економии на обем и да ја подобрат својата позиција во трговските ланци и да користат ЕУ фондови. Но, вината не е кај зем-

одготвена, фармерите не

Земјоделството е стабилизирачки фактор

јоделците. Вината е колективна и треба да се бара во отсуството на реална, сеопфатна стратегија за структурни реформи која ќе вклучи што повеќе земјоделци. Јас го поздравувам субвенционирањето во земјоделството во висина од 71 милион евра. Но, тоа не се пари кои ќе придонесат за пазарно наметнување на нашите земјоделски производи. Покрај нив, значителни средства треба да бидат насочени кон реформирање на нашето земјоделство, надвор од средствата на Унијата за нашите земјоделци да можат да се носат со предизвиците од ЕУ членството.

4. Каков е статусот на ФФРМ канцеларијата во Брисел и може ли да ги споредите со друга канцеларија чија држава е членка на ЕУ?

- Во моментот, статусот на ФФРМ е онаков како што е статусот на Македонија. Имено, засега може само да информираме и да спроведуваме, а по членството ќе може и да креираме. Но и не е сè така црно-бело. И сега канцеларијата во Брисел работи на подобрување на нашата положба виз-а-ви Унијата преку обезбедување контакти со Европската комисија, Европскиот парламент и Копа-Кожека. Таму ќе ги пренесуваме нашите ставови кои после можат да бидат преточени во официјална политика на ЕУ. Инаку, претставниците на земјоделските организации, чии матични држави се членки на ЕУ, заеднички работат со ЕК на креирањето на земјоделските закони и политика преку заеднички советодавни групи чии претседавачи, речиси без исклучок, се од редовите на Копа-Кожека.

5. Ќе ја погоди ли Македонија оваа земјоделска криза и како да се справиме со неа? Може ли и каква помош може да очекуваме од Унијата како огромен пазар? Ваше лично видување?

- Во земја како што е Македонија, а во контекст на глобалната економска криза, земјоделството може и треба да биде стабилизирачки фактор во разнишаната економија. Кај малите економии, надворешната трговија и економскиот развој се нераздвојно поврзани. И затоа велам, покрај субвенциите, покрај европските фондови, Македонија треба максимално да инвестира во реформирање на своето земјоделство. Да одговорам поконкретно: сметам дека поради девалвацијата на одредни валути, во држави како Хрватска кои се значајни пазари за нас, нашите производи ќе бидат помалку конкурентни, барем оваа година. Од никого не може да очекуваме помош бидејќи сите панично се обидуваат да го заштитат домашното производство. Како пример би ги споменл интервентните извозни субвенции кои ги воведе ЕУ пред извесно време за млекото и млечните производи.

6. Сте купиле ли македонски земјоделски или сточарски производ во некоја земја од ЕУ и како се носиме со нивниот зеленчук, овошје, месо и млечни производи?

- Морам да забележам дека наши производи не гледам на европските пазари. Но, гледам грчки домати кои најверојатно се од Баница, хрватско вино кое најверојатно е од грозје од Долни Дисан или италијански котлети од јагне кое пасело на падините на Шара. Императивно е да инвестираме во домашната преработка која ќе откупува домашни производи и ќе ги извезува на странските пазари. Нашите производи се далеку поквалитетни, тоа е неспорно. Но, во овие пазарни услови, тоа не е доволно.

Разговорал: Тодор Стојчевски
коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Кој е нашиот претставник во Брисел?

Трајчев завршил правни науки на Англо-Американски Универзитет во Прага. Кариерата ја почнал во проектот СФАРМ, како практикант во одделението за политика и стратегија. Први работни задачи му биле да направи анализа на законот за задруги и да ги идентификува причините за неговата навнодна неспроведливост. Исто така, го анализирал статутот на тогашната Федерација на македонски фармери и предложил промени. Година дена подоцна, ФМФ станува ФФРМ, со нов статут, а во Македонија е регистрирана првата модерна задруга - Прва Лозарска Кооператива. По 4 годишна работа на прашања поврзани со управување и раководење на ФФРМ, претприемништво во земјоделскиот сектор (со акцент на задругите, ланците на вредност и анализа на низа закони од земјоделството и предложени законски решенија), годинава е именуван за претставник на ФФРМ во Европската Унија.

Крваво потење
Хрватска

Поради претерано крварење од сите пори регистрирани се 150 случаи на мртви телиња. Тие, според кажувањата на очевидците, крвареле од сите пори и крвта, буквално, течела како пот. Затоа, болеста го добила името „крваво потење". Според ветеринарите, вистинскиот број телиња кои умираат од оваа болест е поголема отколку документираната затоа што многу селани не ги пријавуваат умрените телиња, плашејќи се за нивната работа и егзистенција. Според лабораториските испитувања, не постоело опасност луѓе да заболат од оваа болест, дури и ако конзумираат месо од заразеното тело. Причина за болеста е тешко оштетената коскена срж. Кај животните на кои им било направена обдукција било констатирано дека коските се потполно празни, не успеваат да се продуцираат тромобоциди кои го регулираат згрутчувањето на крвта. Но, не е познато зошто доаѓа до оштетување на коскената срж.

Исклучена е можноста причина за болеста да биде труење со храна, лекови или од вакцините кои ги добиваат телињата. Според некои, причината може да е генетски модифицираната соја која им се дава на кравите, но ветеринарите ја исклучуваат и оваа опција поради тоа што болеста се јавува и кај телиња кои не биле хранети со соја. Најприфатена претпоставка за заболувањето е првото млеко кое го добива телето. Ветеринарите велат дека во тоа млеко се наоѓаат антитела, кои ја напаѓаат коскената срж. Но, исто така, останува нејасно како мајките продуцираат млеко кое ќе го убие нивното чедо.

Сепак, докажано е дека не умираат сите телиња од една иста крава, односно не умираат ниту сите телиња кои се заболени од „крвавото потење". Можно е да станува збор за нова форма на природна селекција, велат ветеринарите. Од друга страна, се разгледува и можноста за генетски дефект кај телињата.

Намалени откупни цени на млекото
Хрватска

Хрватската млекарска индустрија се соочува со драстичен пад на конкурентноста поради високите откупни цени на млекото, кои во последните година дена, се повисоки и до 15% во однос на земјите од регионот и од Европската Унија. Со ваква констатација излегоа членовите на здружението „Кроацијасточар", кои ги претставуваат примарните преработувачи на млеко. Затоа, тие, од почетокот на овој месец, ќе формираат нова откупна цена на

млекото од 0,31 до 0,31.5 евра за литар млеко, со 4,2 процентна млечна маст и 3.4 проценти протеини. Во февруари таа цена била 0,36 евра по литар, на што се додава и фабричката премија од 10 евроценти. Се очекува намалената откупна цена на млекото, од април, да влијае на симнувањето на малопродажните цени.

Влог во здравјето на пчелите
Велика Британија

Владата на Велика Британија вложува 4.3 милиони фунти заштита и подобрување на здравјето на пчелите, под назив „Здрави пчели". Целта на овој десетгодишен план е да се одржат пчелите во живот, помагајќи им на пчеларите да ги намалат ризиците од болести и штетници. Во последните две години е забележан рекорден број на угинувања на пчелите. Според податоците, само во Англија и во Велс се угинати 10 до 15 проценти од пчелните заедници.

Хилари Бен, државен секретар на Министерството за заштита на околината, земјоделството и руралниот развој, објаснува дека овие 4.3 милиони фунти ќе се вложат во истражувања за подобрување на здравјето на пчелите. Во првата фаза, велат тие, ќе се контактира со 20.000 пчелари-аматери, кои треба да се регистрираат во пчеларската база на податоци (Bee Base).

Трактори „старо за ново"
Србија

Српските фармери кои имаат трактори постари од десет години ќе може да ги заменуваат за нови, а притоа ќе добијат поддршка од Владата во износ од 2.000 евра. Ова го најави потпретседателот на Владата на Србија и министер за регионален развој и економија, Млаѓан Динкиќ. „Предвидена е субвенција за замена на секоја трактор кој е постар од десет години", објаснува министерот Динкиќ. Ова е поддршка кои ја добиваат земјоделците по ист принцип како што добиваат сите купувачи на автомобилот „пунто" во замена старо за ново. Остатокот од вкупната вредност на тракторот може да ја исплатат со кредит од пет до седум години, најави министерот.

Укинатата премијата за тутун
Србија

Српските тутунопроизводители нема да добиваат премија за производството на тутун. Ваква одлука донело Министерството за земјоделство, затоа што од секој динар кои ги добивале произведувачите на тутун, државата финансирала 49, а компаниите 51 пара. Според договорот кој го потпишале произведувачите со оваа институција, секој ќе добие по 32.000 динари по хектар, без разлика дали годинава одгледуваа тутун. Според министерот Саша Драгин, сите премии за тутун веќе се исплатени, освен за сортите „берлеј", „ориент" и „вирџиниј" затоа што не биле предвидени во планот од претходната Влада.

Производителите на вино - лути на ЕУ
Франција

Лозарите од францускиот регион Прованс се лути поради плановите на ЕУ да се дозволи производителите да прават розе со мешање на црното и белото вино, истакнувајќи дека на тој начин се уништува локалната традиција. Овие винари произведуваат 1/3 од светското розе вино. „Прованс е татковина на розето", вели Линда Шаје од Шато ле Кросте, во близина на селото Лорге, едно од многуте лозарски села. Селаните кои произведуваат розево вино се борат против долгогодишната негација на ова вино како нискоквалитетно и кисело, барајќи да биде рамноправно со класичните сорти црни и бели вина. Нивните напори се исплатија, затоа што розето претставува петтина од виното кое се купува од Франција (надминувајќи го белото вино) и 1/10 од продажбата во светот. Препознатливата розева боја се добива со тоа што лушпите од црното грозје се гмечат и се остават, неколку часа, да бидат во контакт со белиот сок. Притоа, со киснење доаѓа до обојување на виното. Но, Европската комисијата смета дека тешките ЕУ правила за начинот на производство на розе ги спречува овие производители од Франција, Италија и Шпанија да го извезуваат виното на новите пазари Затоа, Комисијата доставила нацрт-пропис за трговија до ЕУ, со што ќе се овозможи трговците на вино да мешаат црно и бело вино и да го флашираат како розе. Ова е ерес за француските производители, кои објаснуваат дека ќе се поплави пазарот со нискоквалитетно розево кисело вино и ќе се уништи имиџот на розето од Франција. Но, другите не се согласуваат со ваквата француска филозофија.

коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

STOMP® 330 E

за високи приноси

Спектар на дејствување

Stomp 330 E има висок коефициент на ефикасност за широк спектар на едногодишни тревни и широколисни плевели.

Максималното делување го остварува применет пред никнување на плевелите и кога истите се во фаза 1-2 листа. Најдобар термин за примена е после сеидба а пред никнување на посевот, односно најкасно 5 дена од моментот на сеидба.

Препораки за примена

Култура	Време на примена	Доза
Пченка	после сеидба, а пред никнување на посевот	лесни почви 4 - 4,5 l/ha средно тешки почви 4,5 - 5,5 l/ha тешки почви 5,5 - 6 l/ha
Соја	после сеидба, а пред никнување на посевот	лесни почви 4 - 4,5 l/ha средно тешки почви 4,5 - 5,5 l/ha тешки почви 5,5 - 6 l/ha
Сончоглед	после сеидба, а пред никнување на посевот	лесни почви 4 - 4,5 l/ha средно тешки почви 4,5 - 5,5 l/ha тешки почви 5,5 - 6 l/ha
Компир	после сеидба, а пред никнување на посевот	лесни почви 4 - 4,5 l/ha средно тешки почви 4,5 - 5,5 l/ha тешки почви 5,5 - 6 l/ha
Кромид од семе и арпаџик	после сеидба / пред садење	5 l/ha
Домат, пиперка и зелка (од расад)	пред расадување	5 l/ha
Пченица	после сеидба, а пред никнување	4 - 6 l/ha
	после никнување на пченицата, до фаза на братење (фази B, C, D и E или 11 - 21)	5 - 6 l/ha
Тутун*	пред расадување	5 - 7 l/ha

* Stomp 330 E е ефикасно средство за сузбивање на филизите кај тутунот. Оптималната концентрација е 0,4-0,5% a.m. односно припрема на растворот за прскање е 1,25-1,6l/100l вода, со употреба на вода од 400-500 l/ha.

Посебни напомени

- Семето на одгледуваната култура мора да биде добро покриено со слој на почва од најмалку 3 цм дебелина
- Пред примена на препаратот Stomp 330 E почвата би требало добро да се припреми, да биде без грутки
- Хербицидното делување во почвата трае 2-3 месеци
- Во случај на пресејување може да се сее пченка, а 3 месеци од третирањето и сите други посеви во кои се користи Stomp 330 E
- Stomp 330 E не се употребува во пластеници и стакленици

ХЕМОМАК ПЕСТИЦИДИ
Поштенски фах 11
1400 Велес, Македонија
тел: 043/212-552; 212-553
факс: 043/243-210
e-mail: hemomak@t-home.mk

BASF
The Chemical Company

Ставревски вети решавање на проблемите

Со ова, всушност, се зголемува комуникацијата меѓу владините институции и ФФРМ, како организација која ги застапува и организира фармерите. Од друга страна, земјоделците прифатија да ја анимираат Владата за сите проблеми со кои се соочуваат и заеднички да бараат начини за нивно решавање

Ставрески вети решавање на проблемите и објавување на решенијата во списанијата Моја Земја и Тока Име за подиректно информирање на земјоделците во Македонија

Сите проблеми со кои се соочуваат земјоделците во Македонија беа изложени и се побара нивно решавање од вицепремиерот за економски прашања, Зоран Ставрески, на последната средба со струмичките фармери во Федерацијата на фармерите во Република Македонија. Со ова, всушност, се зголемува комуникацијата меѓу владините институции и ФФРМ, како организација која ги застапува и организира фармерите. Од друга страна, земјоделците прифатија да ја анимираат Владата за сите проблеми со кои се соочуваат и заеднички да бараат начини за нивно решавање.

Исто така, на средбата со земјоделците, Ставрески вети дека Владата ќе направи напори, од правен аспект, да се продолжи рокот за пријавување на земјоделците за отпишување долгови и за добивање сини здравствени картони по основ на Законот за мирување и отпишување обврски за задолжително здравствено осигурување. На средбата, фармерите се пожалија дека рокот од 45 дена за овој закон бил многу краток и дека Фондот за здравствено осигурување недоволно ги информира граѓаните за ваквата можност. Освен ова, Ставрески објасни дека ова прашање е решено и со новото законско решение за здравствена заштита, каде сите граѓани ќе може да користат сини картони, откако ќе се пријават во Фондот за здравствено осигурување. Фондот и Регионалните центри на ФФРМ ќе ги повикаат земјоделците помасовно да ја искористат оваа можност.

Власта остана на своето предвидено решение да ги субвенционира оваа година плус со дополнителни средства производителите на индустриски пипер Куртовска капија кои го предале производството во преработувачки капацитети. Таа ги послуша земјоделците дека речиси никој не добил поддршка ланска година за предадени пиперки на трговци со оваа мерка во струмичкиот регион а направиле производи од таа нивна суровина.

Фармерите ги прашаа Ставрески и заменик-министерот за земјоделство, Христијан Делев, зошто не посредуваа меѓу нив и преработувачите за откупот на градинарски култури, а претставниците на власта се изјасниија дека не смеат да посредуваат во формирање на цена во пазарна економија.

Заменикот-министер Делев, на прашање на земјоделците, објасни дека јагодите, како бобеста култура, се субвенционирани со програмата за поддршка на земјоделството во 2009 година и дека постојат можности за нејзина поддршка со руралната програма. Исто така, директорот на Агенцијата за поттикнување и развој во земјоделството, Јордан Кузмановски вети дека до средината на идниот месец, во Струмица ќе биде вратена Лабораторијата за педалошка анализа и испитување на почвата, која сега се реставрира во Скопје. Властите им ветија на земјоделците, дека со помош на директорот на Платежната агенција, ќе се решат проблемите со неисплаќање на субвенциите за разни земјоделски култури. Земјоделците се пожалија и за плаќањето пашарина без склучени договори со Јавното претпријатие „Пасишта" (со што им се оневозможува земање субвенции) и апелираат да се ажурират списоците кои се пракат во Платежната агенција во кои неправилно без предходно склучен договор ги задолжуваат сточарите за нешто што не го користат и се причина за одбивање на барањата за субвенции, затоа го покануваат директорот Љулзим Сулејмани да се појави на терен и да се отпочне со анализа на состојбата со пасиштата. Освен ова, земјоделците реагираа и за узурпираните површини, за површини кои се засадени со лозови насади а се во државна сопственост и не можат да ги користат за пријавување за субвенции, проблемите за неможноста да остварат право на пензија поради административни проблеми и за многу други отворени прашања.

Коле Пасков, РЦ Струмица

Земјоделците да купуваат

Земјоделците мора да купуваат семе и саден материјал во овластена продавница, земјоделска аптека, каде што трговецот ќе го продаде во оригинално пакување и со фискална сметка. Само вака купениот производ може да биде исправен и во случај на неисправност, трговецот сноси последици. Доколку забележат неисправност, земјоделците мора да го информираат најблискиот земјоделски инспектор, вели директорот Камбери

Младиот Камбери веќе неколку месеци е на чело на Управата за семе и саден материјал при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Овој магистер по ветеринарна медицина завршил постдипломски студии од областа на хигиената на средината и зоохигиената при Земјоделскиот универзитет во Тирана, Албанија. Како реонски инструктор, учествувал во спроведувањето на пописот за земјоделство во 2007 година, а подоцна се вработил како државен службеник во Управата за ветеринарство. Од август, минатата година, е прв човек на Управата за семе и саден материјал.

• Земјоделците, често пати, имаат проблем со лош, неквалитетен, семенски материјал кој се увезува во земјава. Како Управата го контролира овој материјал и што се презема доколку се констатира дека тој, навистина, не ги задоволува стандардите и не е сертифициран?

- Управата за семе и саден материјал го одобрува увезениот семенски и саден материјал во Македонија. Во нејзини рамки работи Комисија за национална сортна листа, која се грижи во земјава да се увезува квалитетен семенски материјал. Пријавените сорти се испитуваат една година и по добивањето на резултатите и нивната статистичка обработка, Комисијата одлучува дали ќе признае или нема да признае одредена сорта. Доколку новопријавената сорта, во повеќе својства, ја надминува стандардната сорта, тогаш се признава од страна на Комисијата. За одредена сорта да биде запишана во Националната сортна листа, иако е запишана во Европскиот каталог на сорти, мора да помине процес на испитување на агрономските својства на сортата, односно ВЦУ тест за нејзино вредносно-комерцијално користење (дали таа сорта, на македонско тло, создава квалитетни производи). По добивањето на резултатите, се дава одобрување за запишување во сортната листа и пуштање на материјалот во трговија.

Контролата на семенскиот и садниот материјал, кој е увезен и се пушта во промет, ја врши Државниот инспекторат за земјоделство. Управата за семе и саден материјал му доставува список на регистриран снабдувач. Сепак, семенскиот материјал мора да поседува сертификат дека е произведен под стручна контрола на овластена институција. На секое пакување мора да има етикета од каде што се гледаат основните податоци на сортата: производител, увозник, орган кој извршил стручна контрола, категорија и класа, име на средството со кое семето е третирано против зарази, датум на траење на 'ртливост на семето.

• Кој може да увезе семе и саден материјал во земјава?

- Увозот на семенски и саден материјал е регулиран со законски решенија. Семенски материјал од одделен вид земјоделски растенија може да увезува само увозник кој е запишан во Регистарот на увозници, кој го води Управата. Тој е во електронска и во тврда верзија. Од 2006 година, со новиот закон, потребно е пререгистрирање на сите увозници на овој материјал. Тие имаа рок од една година за ваквата пререгистрација. Поминаа три години и во земјава имаме 158 регистрирани снабдувачи на семенски и 105 регистрирани снабдувачи на саден материјал. Ми се чини дека има околу 600 увозници кои треба да ја регистрираат својата дејност. Тие или ќе се пререгистрираат или ќе бидат избришани од евиденцијата. Семенскиот и садниот материјал може да се увезе само ако се исполнат пропишаните услови со Законот за семенски и саден материјал и со Законот за здравје на растенијата.

• Како да се заштитат земјоделците од неисправни семе и саден материјал?

- Производителот кој го купил неквалитетниот семенски или саден материјал треба да ја чува фискалната сметка за да види кој е увозникот и да поднесе барање до Управата и до Државниот земјоделски инспекторат да преземат соодветни мерки. Доколку се констати-

сертифициран материјал

Новиот Закон за селекционерски права е во собраниска процедура и се очекува негово брзо усвојување. Со ова, Македонија стана полноправна членка на УПОВ конвенцијата (меѓународна конвенција за заштита на нови сорти). Со него се утврдува законско решение со кое би се регулирало селекционирањето на новите сорти и се заштитува авторското право на селекционерот. Всушност, според Законот, селекционерско право се доделува кога сортата е нова, различна, еднообразна и стабилна. Одредбите од ова законско решение ќе се применуваат за најмалку 15 растителни родови и видови, врз основа на листа што ја носи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ра дека семето не е квалитетно, увозникот е должен да го обештети производителот, а може и да се забрани увоз на тој семенски и саден материјал. Според законот, таа контрола ја вршат државниот инспектор за земјоделство и фитосанитарниот инспектор. Управата, заедно со инспекторот, земаат мостри за анализа. Доколку материјалот отстапува од пропишаниот квалитет и здравствена исправност, се наредува негово привремено повлекување од трговија. Управата има можност да провери и по службена должност доколку постојат сомневања во квалитетот и исправноста на материјалот.

Земјоделците мора да купуваат семе и саден материјал во овластена продавница, земјоделска аптека, каде што трговецот ќе ја продаде во оригинално пакување и со фискална сметка. Само вака купениот производ може да биде исправен и во случај на неисправност, трговецот сноси последици. Доколку забележат неисправност, земјоделците мора да го информираат најблискиот земјоделски инспектор, кој ќе направи записник и ќе преземе мерки на повисоко ниво. Но, мора да се напомене дека за лошиот резултат, секогаш не е виновна сортата. Земјоделците, често пати, применуваат и несоодветна агротехника: време на сеидба, реон на одгледување, заштита од болести и штетници. Исто така, може да влијаат и временските услови, односно висината на температурата во одреден период. Во секој случај, корисна и потребна е соработка на земјоделците со Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството.

За некоја сорта да се пушти во трговија (купува и продава) мора да се најде на Националната сортна листа. Неа ја издава нашата Управа. А, за одредена сорта да влезе во Националната сортна листа, увозникот или тој што ја создал, треба да се пријави до Националната сортна комисија. Таа врши испитување на агрономските својства на сортата и ако ги задоволува стандардите, се става на листата и е слободна за трговија.

• Земјоделците се жалат дека има ситуации кога не можат да купат сертифициран материјал од одреден вид во земјава?

- Земјоделците треба да купуваат саден материјал исклучиво од физички или правни лица кои се запишани во Регистарот на Управата. Притоа, мора да имаат официјални етикети, а од продавачите да бараат сертификат за потеклото на садниот материјал и фитосанитарно уверение за неговата здравствена состојба. Од домашните производители на садници, го препорачуваме Институтот за овоштарство при Земјоделскиот институт во Скопје, но и таму мора да се бараат потребните документи.

• Како се штити семето и садниот материјал од болести? Имате ли програма за сузбивање?

- Семенскиот материјал кој се пушта во трговија не смее да биде заразен и затоа се третира со посебни дозволени средства. Семето и садниот материјал се штитат уште во селекционата куќа, односно расадникот. За семето се користат препарати кои штитат од болести и од штетници. Значи, ако се купи семе од признат производител во оригинално пакување и со непоминат рок, тоа е заштитено и сигурно. Управата за семе и саден материјал не ја носи оваа програма за сузбивање, туку тоа го прави Фитосанитарната управа. Но, како институција, имаме програма за семе и саден материјал, во која се опфатени контролата на семето од болести, контролата на производителите, начинот на етикетирање и пакување на семето.

Тодор Стојчевски
Мајлинда Ибраими
коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Активности во градинарството во април

Во Струмичко не престанува градинарското производство

Струмица е најголемиот производен регион за градинарски култури во Република Македонија и пошироко. Тоа е регион во кој, практично, никогаш не престанува производството и регион во кој одгледуваните култури се наоѓаат во различни фази на развој, зависно од начинот на производство

Доматот е најзастапена култура во овој регион. Сите агротехнички мерки треба да се изведат навреме. Потребно е да се внимава на количеството на влага во почвата, релативната влажност на воздухот и температурата. Поради променливите климатски услови, наводнувањето треба да се прилагоди на потребите на растенијата. Најинтензивно образување на асимилати има при дневна температура од 25 целзиусови степени, а ноќна температура од 18 целзиусови степени. Оптимална температура на почвата што ја бара доматот од 24-28 целзиусови степени. При ниските температури, се забавува цветањето и формирањето на плодовите, а при температура над 35 степени се забавува и престанува развојот на растенијата.

Во април се интензивираат работите во пластениците во струмичкиот регион

Светлина - одлично успева при должина на денот од 12, како и од 18 часа.

Влажност - оптимална влажност на почвата 60-70% при воздушна влажност 50-60 проценти.

Поради ниската влажност на почвата и на воздухот, и слабото осветлување се појавува стрес кај растенијата, а тоа се манифестира со опаѓање или неоплодување на цветовите. Ноќните температури над 24 степени го инхибираат завржувањето на плодовите, а температура под 12 степени ја смалува ‘ртливоста на поленот. Црвенкаста, сина до виолетова боја на растенијата е резултат на ниската температура и се губи со растење на температурата. Оплодувањето, по можност, треба да се врши по биолошки пат. Исхраната да се изведува со соодветни комбинации на N:P:K ѓубрива плус микроелементи, зависно од фазата на развој на доматот. Потребно е да се посвети посебно внимание на заштитата на доматот од болести (црна дамкавост, пламеница, плесносување, сиво гниење, бактериски рак и друго) и штетници (лисни вошки, минери, трипс, белокрилка).

Краставицата е топлољубива култура која бара специфични услови, односно, светлина - должина на ден од 10 до 12 часа, релативна влажност на воздухот од 70 до 90%, а на почвата 65- 70% од максималниот воден капацитет. Сушата во фаза на цветање и плодоносење го смалува плодоносењето, причинува опаѓање на цветовите и го намалува квалитетот на плодовите. Топлото и влажното време го активира образувањето на цветовите и го зголемува процентот на женски цветови, а ниските температури и недостигот на влага го забрзуваат созревањето на плодовите и стареењето на растенијата. Краставицата бара интензивна исхрана со оглед на брзиот и интензивен пораст. Во април мора да се внимава на заштита од болести (бактериска аглеста дамкавост и пламеница).

Пиперката е култура која под контролирани услови (и тоа главно лутата пиперка), во април, е во интензивна берба. Белата пиперка е во фаза на цветање и плодоносење, додека кај индустриската пиперка (тип капија) се произведува расадот. Оптимална температура во заштитен простор, при сончеви денови, е 25-28 целзиусови степени, а при облачно 22-25 целзиусови степени. Температурата не смее да падне под 16 целзиусови степени и не треба да има големи разлики помеѓу дневната и ноќната температура. Релативната влажност треба да биде од 60 до 70%, а влажноста на почвата од 70 до 80% од максималниот воден капацитет. Во поглед на заштитата, треба да се внимава на пламеницата во основата на стеблото, зеленото венење и сувото гниење, како и бактериските заболувања на листовите. Од штетните инсекти, земјоделците да внимаваат на цветниот трипс, лисните вошки, а кај капијата, во расадопроизводството, со заштитата од инсекти се намалува опасноста од вирусните болести.

Дипл. инж. агр. Стојан Глигиров,
советник во АПРЗ Струмица

Болести и заштита кај младиот расад

При одгледувањето на расадот се јавуваат болести кои можат да бидат предизвикани од разни причинители. Голем дел од причинителите се одржуваат во почвата. Некои од нив се пренесуваат со семето, а некои се наоѓаат во или на други култури или растенија од спонтаната флора, од каде што преоѓаат на одгледуваните градинарски култури

Поволни услови за здрав расад

Производството на здрав, квалитетен расад е основен предуслов за добивање максимални приноси во поглед на квалитет и квантитет, односно искористување на потенцијалот на одгледуваниот хибрид. Сепак, при одгледувањето на расадот се јавуваат болести кои можат да бидат предизвикани од разни причинители: Pythium, Sclerotinia, Rhizoctonia, Fusarium, Verticillium, Alternaria, Botrytis, Phytophthora и други. Голем дел од причинителите се одржуваат во почвата. Некои од нив се пренесуваат со семето, а некои се наоѓаат во или на други култури или растенија од спонтаната флора, од каде што преоѓаат на одгледуваните градинарски култури.

Основно правило за производство на здрав расад е обезбедување оптимални услови:

- растенијата треба да имаат оптимално осветлување, топлина и влажност;
- да се избегне прегуста сеидба и претерано ѓубрење, особено со азот;
- да се избегне предлабока сеидба;
- да се избегне преголемо заливање;
- да се избегне добро дренирање на супстратот;
- да се обезбеди добра вентилација;
- хемиската заштита, по можност, да биде превентивна и да отпочне уште при подготвувањето на смеската за производство на расад;
- задолжително е вршење на агрохемиска анализа;
- користење на совети од стручните служби во текот на производството.

При производството на расад, комплекс од габи причинуваат полегнување или топење на расадот. За уништување на габите што се пренесуваат со семето се препорачува дезинфекција со негово потопување во раствор од 20 ml. Previcur 607 SL, во 2-3 литри вода за килограм семе во времетраење од 20 минути или со запрашување на семето со некој контактен препарат по метод на предозација.

Дезинфекцијата на почвата или смеската за производство и за пикирање на расадот се изведува со заливање со 40-50 литри/10 m^2 (4-5 литри/m^2) раствор од 250 ml Превицур 607 СЛ во 100 литри вода.

Заштитата на расадот од причинителите на полегнувањето по никнувањето и на пламеницата се изведува со раствор од 25 ml. Previcur 607 SL во 10 литри вода. Од овој раствор се употребуваат 4-5 литри/m^2.

Заштитата на пиперката од пламеницата и од други габни заболувања на коренот, во тек на вегетација на расадот, се изведува со Previcur 607 SL или Aliette flash. Двата препарата влијаат превентивно и куративно.

Заштитата на расадот од причинителите на болести по стеблото и листовите (пламеница, црна дамкавост) се изведува со фолијарно прскање со Antracol WP 70, Antracol Combi или Melody Combi.

При поголема влажност и спарно време може да се јави сиво и бело гниење. Потребно е да се проветри, да се намали влажноста, а хемиската заштита да се изведе со Mythos или Teldor SC 500 или некој друг ботритицид, кој успешно ќе влијае, во зависност од стадиумот на развој на болеста.

За сузбивање на бактериските болести по расадот се употребува Antracol Cu или Kocpin со по 30 g/10 литри вода или препарати кои во својата активна материја содржат бакар.

Дипл. инж. агр. Стојан Глигоров
Советник во АПРЗ Струмица

Претворете го вашето товарно возило во ладилно

1 Ладилен уред 2 Компресор 3 Термоизолација

Ладилен систем сертифициран според HCCCP стандардот
Погоден за транспорт на прехранбени производи
Со работна температура од +4 до -18° C
Максимален товарен волумен
Лесно одржување
Две години гаранција

Интерфриго ДООЕЛ ул.Новопроектирана ББ. 1000 Скопје
Сервис: 00 389 (2) 2043342
Факс: 00 389 (2) 2043342
Мобилни: 00 389 75 441114 , 00 389 75 443440
Email: interfrigo@gmail.com

INTERFRIGO COOLING SOLUTIONS

ProCredit Bank

Бизнис кредити

ПроКредит Банка е со Вас!

- брза и едноставна процедура
- флексибилен залог
- фиксна каматна стапка за кредити со рок на отплата до 5 години

02 / 2446 000

Лозарството е перспективна гранка

"Кредитот е мотив и можност да го оствариш она што си го зацртал. Тоа ми овозможи да го откупам, обработам, засадам и конструирам земјиштето", објаснува Горѓевиќ

Преку кредит до заработувачка

Тони Ѓоргиевиќ од Богданци осум години се занимава со лозарство. Четириесет и седумгодишниот земјоделец работи како шофер, иако негова љубов е лозјето. За да ја развие оваа дејност, Горѓевиќ зел кредит од 9 илјади евра од Прокредит банка. „Кредитот е мотив и можност да го остварам она што го зацртав. Првиот кредит беше наменет за купување на земјиштето, односно 15 години старото лозје со површина од 0,6 хектари. Кредитот го земав и за негова обработка, садење и поставување на конструкција. Вториот кредит го наменив за купување на младото лозје од 2 хектра и за негова берата", вели Тони. Кредитот е без грејс период, со поволна каматна стапка и овој земјоделец ќе го враќа до август 2011 година. „Лозарството е перспективна гранка во која вреди да се вложува", вели Тони. Со обработка на лозјето Горѓевик успева да обезбеди средства за своето четричлено семјство. „Засега одгледувам две сорти грозје: вранец и молдавија. Но, набрзо планирам да одгледувам и нови сорти кои одговараат на нашата клима", раскажува Тони. Иако лозарството не е семајна традиција за Горѓевиќ, Тони се надева дека неговиот син Витомир, успешно ќе го наследи и продолжи по неговиот пат.

Да се извезува суров тутун

Здружението на тутунари предлагаат да се започне со извоз на неферментиран, односно суров тутун. Исто така, предлагаат тутунот да биде поделен во три класи, образложувајќи дека во Македонија има многу тутунари кои одгледуваат басмак, а за тој вид тутун не постојат субвенции. Во меѓувреме, чекаат басмакот да се признае како посебна класа, затоа што во некои европски земји тој претставува бренд, вели претседателот на Здружението на производителите на тутун и производи од тутун при Стопанската комора, Таше Патриотов. На состанокот помеѓу тутунарите и откупувачите се зборуваше и за либерализација во производството, односно да се зголеми бројот на претпријатијата-откупувачи и да се направи Правилник за оцена на квалитетот и квантитетот на тутунот по класи, како и навремено доставување на договорите со цени од страна на откупувачите.

Б. К.

коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

Откуп на суров тутун во лист од берба 2008 година

Класа	Типови				Вкупно
	Јака	Џебел	Прилеп	Басмак	
I	1.637.982,30	9.068,50	2.931.636,60	380.583,90	4,959.269.00
II	1.957.819,00	27.876,50	4.710.778,70	1.504.066,70	8,200.549.00
IIIa	799.951,50	9.165,50	1.349.169,40	585.005,60	2,734.290.00
IIIb	64.351,30	496,00	63.086,40	73.509,90	201,442.00
IV	4.581,70	0	5.561,50	5.913,50	16,005.00
V	904,70	0	865,70	362,70	2,131.00
Вкупно ароматични во кг	4.465.590,50	46.606,50	9.061.098,30	2.549.442,30	16.126.370,10
Просечна откупна цена ден./кг. по типови	169,02 ден.	165,70 ден.	159,38 ден.	159,38 ден.	167,42 ден.

Откупот на суров тутун во лист од реколтата 2008 година е завршен и за преземените количества се плаќаше по 45 денари за килограм. Рокот за пријавување и добивање на картони беше до 25 март годинава, изјави Алириза Елези, државен советник во Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство. Бројот на картоните е ограничен (до 15 милиони) и се издаваат во подрачните единици на Министерството. Белиот картон претставува виза за садење тутун, а производителите на тутун, по добивањето картон, се ослободени од персоналниот данок и се регистрираат како замјоделец-поединец. Во картоните е заведено дали земјиштето што треба да се обработува е во сопственост на државата, што е регулирано со договор со Министерството и заверено кај нотар или е во приватна сопственост на производителот.

Откупени количини на тутун, вредности и просечни цени во период 2003-2008 година

реколта	откупени количини/Т	Вредност/ милиони денари	Просечна откупна цена/ ден./кг
2003	23.000	1.803	78,40
2004	19.840	2.718	137,00
2005	23.206	2.910	125,40
2006	19.681	2.325	118,14
2007	16.288	2.290	140,57
2008	16.126	2.700	167,42

finance central europe
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2004
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2005
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2006
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2007
THE BEST INSURANCE COMPANY IN MACEDONIA 2008

ВАРДАР ОСИГУРУВАЊЕ
Член на Групацијата triglav

ОСИГУРАЈ ГО СВОЈОТ КАПИТАЛ, И ПРЕПУШТИ ГО ВО СИГУРНИ РАЦЕ!

ХОРИЗОНТИ
МИКРОКРЕДИТИРАЊЕ

АГРО КРЕДИТ
за земјоделци

- КРЕДИТИ ДО 300.000 ДЕНАРИ
- РОК НА ОТПЛАТА ДО 36 МЕСЕЦИ
- 0% ПРОВИЗИЈА ЗА ПРЕДВРЕМЕНА ОТПЛАТА
- МОЖНОСТ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ БЕЗ ЖИРАНТИ И ХИПОТЕКА

www.horizonti.org.mk

Скопје – Центар
ул. Рампо Левката 14
тел.: 02/ 30 93 371

Скопје – Шуто Оризари
ул. Гарибалди 25
тел.: 02/ 26 51 269

Струмица
ул. Дебарска 6
тел.: 034/ 34 01 67

Гостивар
ул. ЈНА 21
тел.: 042/ 22 10 17

Велес
ул. Владимир Назор 28
тел.: 043/ 21 18 18

Кочани
ул. Димитар Влахов 72
тел.: 033/ 27 85 56

Битола
ул. Жикица Јовановиќ – Шпанац 146 а
тел.: 047/ 20 37 25

Прилеп
кеј 9-ти Септември 36
тел.: 048/ 42 77 14

NETAFIM

СИСТЕМИ ЗА НАВОДНУВАЊЕ КАПКА ПО КАПКА

ОПРЕМА СО НАЈВИСОК КВАЛИТЕТ НА ПАЗАРОТ.

ЕДНОСТАВНО РАКУВАЊЕ.

НАМАЛЕНИ ТРОШОЦИ ЗА РАБОТНА РАКА.

ЛЕСНО ОДРЖУВАЊЕ.

ПРЕЦИЗНО ДОЗИРАЊЕ НА ВОДА И ЃУБРИВА.

РЕШЕНИЕ ЗА СЕКОЈ НАСАД БЕЗ ОГЛЕД НА МЕСТОПОЛОЖБАТА И НАГИБОТ НА ТЕРЕНОТ.

НАМАЛЕНИ ПРОБЛЕМИ СО ПЛЕВЕЛИТЕ И БОЛЕСТИТЕ ВО НАСАДИТЕ.

ЗА СИТЕ ТИПОВИ НА ПОЧВА.

Метеоролошка станица

MAGAN-MAK
MAKHTESHIM AGAN

Ексклузивен застапник и дистрибутер за Р.Македонија
МАГАН- МАК, СКОПЈЕ
Тел/Факс: 02/ 3216-147 Факс: 3216-158 ; Аптека: 02/2557-650

Млеко кое не смее да се изгуби

Колострално млеко е првото млеко во првите 3-5 дена по отелувањето на кравата. Тоа е од непроценлива вредност и не смее да се изгуби

На неколку фарми во Македонија повторно се соочуваме со зголемена смртност на телињата во првите денови по нивното раѓање. Познато е дека најголема смртност кај говедата се јавува во првиот месец, а од тоа, околу 90% се случува во првите седум дена од животот на новороденитe телиња. Кај секоја новоотелена крава има од 30 до 50 килограми вишок колострално млеко надвор од потребите за доење на телето. Со правилно зачувување (наједноставно, со замрзнување) смртноста кај телињата може да се намали во голема мера. Колострално млеко е првото млеко во првите 3-5 дена по отелувањето на кравата. Тоа е од непроценлива вредност и не смее да се изгуби.

Значење на колострумот

Колостралното млеко е првата храна на новороденото теле. Во него се најбитните компоненти за исхрана, како единствена храна во првите неколку денови. Преку колострумот, новороденото теле се снабдува со првиот имунитет за опстанок во новата средина. Воедно, колострумот ги чисти цревата и влијае олеснително. Тоа има жолтеникава боја со блуткав непријатен и малку солен вкус и густа структура, кое во првите 2-4 дена битно го менува составот:

Колострумот многу брзо го менува составот во првите 24 часа по раѓањето на телето. Затоа, многу е важно телето најбрзо што може по раѓањето (најдоцна до два часа) да го прими првиот колострум.

Начини на конзервација на колострумот:

- со хемиски средства: со лимонска, пропионска или оцетна киселина со додавање 0,5-1% од киселината во колострумот;
- колострумот може да се остави да се закисели со сопствена ферментација, со држење на собна температура (18°C) 10-15 дена, а потоа се дава на постарите телиња;
- со замрзнување во фрижидер за длабоко замрзнување (најпрактично во наши услови).

Начин на замрзнување:

- се контролира здравјето на вимето (да нема маститис);
- се складира обично во пластични шишиња, кои претходно се дезинфицирани и со етикети на кои се пишува денот на земање на колострум по отелувањето и датумот на складирање. Вака се става во фрижидер за длабоко замрзнување;
- одмрзнувањето се врши со ставање на шишето во топла вода со постепено загревање до температура од 38-40°C, во период од половина до еден час со постепено одмрзнување.

Колострумот кој потекнува од вime кое е третирано со препарати против маститис не се згрутчува по природен пат.

Заклучоци:

- телињата добро го прифаќаат одмрзнатиот колострум;
- губитоците кај телињата во смртност и дневен прираст се мали и назначителни;
- се обезбедува единствената храна за новородените телиња - бесплатно;
- се намалува смртноста кај телињата;
- многу е практичен и евтин метод за секое домаќинство;
- разликите во составот на природното и одмрзнатото колострално млеко се мали и незначителни;
- телињата секогаш мора да се на-



Предности во конзервирањето на колострумот: телињата добро го прифаќаат конзервираниот колострум, губитоците при одгледувањето се намалуваат и е добра практика на обезбедување колострум без да се трошат дополнителни финансиски средства и слично. Исто така, конзервирањето колострум е многу добар метод, како за големите фарми, така и за малите фарми каде што нема секојдневно отелување.

Компоненти	Колострум (број на часови по телење)			
	На 0 h	На 12 h	На 24 h	Нормално млеко
Суви материи %	24,1	19,4	14,5	12,6
Вкупни протеини %	14,0	9,4	7,0	3,3
Казеин %	4,8	4,0	3,0	2,6
Имуноглобулини % - Иг	6,0	4,3	2,8	0,1
Масти %	6,7	4,8	4,0	3,8
Лактоза%	2,2	4,2	4,6	4,8
Минерали %	1,2	1,0	0,9	0,7

Мали совети од големите мајстори

- никогаш не молзете ги кравите пред отелување оти се губи многу вредното колострално млеко;
- многу е битно новороденото теле да го прими колострумот што е можно порано, најдоцна до два часа по отелувањето;
- колострумот се дава во повеќе оброци (4-5 пати на ден) по мало количество (0,5-1 кг) затоа што новороденото теле има мал желудник и нема развиени преджелудници;
- вимето на кравата-мајка треба да биде здраво;
- се препорачува да се додадат 1-2 м-ни и.е. витамин А во колострумот;
- да се внимава температурата на млекото при напојувањето на телето да биде како телесната температура (околу 38-40°C);
- многу да се внимава на хигиената на садовите во кои се дава млекото;
- да има суви и чисти индивидуални боксови за телиња;
- да се има индивидуален, а не шематски пристап кон секое теле;
- температурата, влажноста и вентилацијата во објектот за телиња да одговараат на пропишаните норми (65-75% влажност, барем 10-15°C и да нема провев).

Доколку мајката-крава не е во состојба да даде колострум на своето теле (поради смртност, болест и слично), најпрво се бара крава со здраво виме која се отелила истиот ден, од која се зема вишокот колострум и се дава на новородените телиња. Ако нема, тогаш втора постапка е користење конзервиран колострум. Во најлош случај, ако и тоа го немаме, се зема 0,6 кг млеко, 0,3 л вода, едно разматено јајце и една лажица рибино масло и, по потреба, антибиотик со широк спектар.

Внимавајте кај новороденото теле колострално млеко да го давате во мали оброци затоа што, кај телето, млекото од хранопроводот директно оди во правиот желудник (сириштето) преку т.н. хранопроводен канал (жлеб, црево). Ако телето испие повеќе млеко од капацитетот на сириштето, бидејќи телето не може да повраќа, тогаш млекото оди во неразвиените преджелудници каде што се разградува и настануваат пореметувања кај телето.

појуваат во исто време на денот, повеќе пати во неколку оброци и на еднакви интервали;

- на секое шише мора да се запише денот и часот кога е земен колострумот од кравата по отелувањето, за да може да се даде во истиот период по телење на телето на кое му е потребно;
- подолго чување на замрзнат колострум од 6-8 месеци (од денот на замрзнување до денот на одмрзнување) не е препорачливо;
- подеднакво е добар метод, како за мали фарми каде што нема секојдневно отелување на крави, така и за големите фарми.

Д-р Ѓоко Буневски,
професор по говедарство, ФЗНХ
коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

INCEBO

Меѓународно сертификационо тело во земјоделскиот и прехрамбениот сектор
Во соработка со МПС ЕЦАС

HACCP
ISO 9001
ISO 22000
GLOBALGAP
BRC
IFS
Органско производство

Доколку сакате да добиете потврда, од независно тело, за успешно воведени системи и стандарди или да добиете обука за истите, контактирајте не:

ИНЦЕБО
Ул. Миладин Поповиќ 4а
1000 Скопје

тел: 02/ 30 68 482
факс: 02/ 30 65 560
email: info@incebo.com.mk

Овчарството е решение за невработеноста

Не постои друг излез за нас и за целата држава. Овчарството е решение за невработеноста. Со 100 до 150 грла може да живее едно просечно семејство, вели Абдулмеџит Амити

Абдулмеџит Амити и Штерја Николов се содружници кои заеднички одгледуваат 3.500 овци во својата компанија „Драгоево Агро". Овците, како што велат нивните сопственици, се купени пред три години и сè уште не се исплатени. Во трлата, нив ги чуваат 20 овчари и околу 50 кучиња - шарпланинци. Летото го поминуваат на Шар Планина, а останатите осум месеци ги минуваат во околината на Штип. „Патот од Штип до Шара го минуваат со воз оти тогаш овците се молзат, нема каде да се собира млекото или да се прави сирење. На враќање, оти не се молзат, одат пеш до пасиштата во штипскиот регион", објаснува педесет и тригодишниот земјоделски техничар Николов. По спуштањето во штипско, овците се лоцираат во селото Црешка. Таму остануваат од октомври до крајот на годината, по што се префрлуваат во две други трла, во селото Пенуш и местото кое мештаните го нарекуваат Скандалци. Овде се прихрануваат со зоб пред нивното јагнење во јануари.

Освен тоа, сите овци се маркирани и вакцинирани против бруцелоза. На ова трло немало угинување затоа што грлата биле вакцинирани уште во мај, а не во фазата на гравидитет. „Оваа година ја оценуваме како најуспешна во однос на јагнилото. Имаме најдобро јагнило, без смртност и двесте овци облизнија. Значи, имаме 400 јагнињa од близнење, а вкупно се објагнети околу 2.500 јагнињa", вели Штерја. Амити и Николов, традиционално, ги продаваат на италијанскиот пазар, каде што се бараат со тежина од 18 килограми и достигнуваат многу добра цена. Освен тоа, тие работат според календар, така што „темпираат" јагнињa за католичкиот и за православниот Велигден. „Имаме календар за католичкиот Велигден до 2050 година. Според тоа кој ден ќе се падне празникот, ние ги пуштаме овните в трло", вели Николов.

Најгорлив проблем за овчарството во Македонија е да се обезбедат овчари, велат сопствениците на овие грла

Според другиот содружник, потпретседател на Федерацијата на фармерите во Република Македонија, Амити, субвенциите што ги дава државата за овчарството се добра помош и доколку се продолжи со вакви мерки, вели тој, бројот на овци во Македонија ќе се зголеми. „Според моите проценки, имаме околу 500 илјади грла

Рута низ Македонија

Овците на Амити и Николов од Шар Планина до Штип се враќаат пеш. Речиси 13 дена минуваат во движење и одмор. Како што објаснува Амити, се тргнува од Шар Планина преку Тетово, Карпалак, Глумово, Коштани, Света Петка и се доаѓа до Каменоломот во Скопје. Маршрутата продолжува кон Драчево, Катлановo, местата Споменик и Лозарски Трла, низ Велес до пасиштата во штипските Скандалци, Црешка и Пенуш. Тие секојдневно ги следат овците за да ги решаваат евентуалните проблеми кои се појавуваат по патот. „Благодарејќи на полицијата, ги решаваме сите проблеми доколку се појават во текот на патувањето. Дваесетте овчари се менуваат по предели. Нив ги следат 50 кучиња и 15 коњи", раскажува Амити.

Мандри во штипско и во тетовско

Во селото Пенуш има мандра за правење сирење, во коешто се употребува природна вода. Овците останууваат во ова село до јуни, а потоа се селат на Шар Планина, во месноста Церипашино. Таму, како што објаснува Николов, се прави сирење уште два месеца (до август). Сирењето од Пенуш, каде што дневно се пакуваат и по 30 канти, на секои десетина дена, се пренесува до Шапка. Овде, по природен пат, зрее околу три месеци пред да се најде на трпезата.

Абдулмеџит Амити: Ќе се продадат до 200.000 јагнињa

Штерја Николов: Произведуваме и сопствена храна

РАИД - лек против црви

Иако некои села во штипскиот регион се мапирани како места со бруцелоза, Амити и Николов објаснуваат дека во нивното трло нема проблем со бруцелозата, со другите болести, ниту со обележувањето. „Доколку на ушите се појавеа црви, ги прскавме со обичен спреј РАИД и навреме ги санираме последиците. Овчарите, доколку забележеа црви, ги прскаа по секое молзење", вели Николов. Освен ова, велат сопствениците, нема појава на други болести. Тие редовно ги третираат против ентеротоксенија, шуга и против бруцелоза. „Ветеринарната станица во Штип ги вакцинира против ентеротоксенија и против бруцелоза, а тетовската ветеринарна служба против шуга", вели потпретседателот на Федерацијата на фармерите во Република Македонија, Амити.

Сопствена храна

Освен овчарството, овие содружници се занимаваат и со производство на житарки, обезбедувајќи барем половина од храната за овците. Тие работат 30 хектари јачмен од кои добиваат околу сто тони храна. Исто така, купуваат и уште 60 до 70 тона луцерка, која се дава само на објагнетите овци. Еден месец пред јагнилото се почнува со храна.

овци. За католичкиот Велигден, на ниво на држава, очекуваме да се продадат околу 150 до 200 илјади јагнињa", објаснува Амити.

Тој и неговиот партнер произведуваат сирење. Велат дека со тоа ги избегнуваат проблемите и ниските откупни цени на млекото. Произведеното сирење го продаваат на рати и организирано во училишта, судови и синдикални организации на разни институции во Скопје, Тетово и Гостивар. „Не постои друг излез и за нас и за целата држава. Овчарството е решение за невработеноста. Со 100 до 150 грла може да живее едно просечно семејство", завршува Амити.

Т. Стојчевски
коментари:
todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Соработката ќе го дуплира бројот на јагнињa

Во дебарско и Центар Жупа, во последните неколку децении, има видно намалување на лицата кои се занимаваат со сточарство, посебно со овчарство. Со тоа се намалува и бројот на овци, иако експертите наведуваат дека со стимулации, нивниот број

Во регионов, пред неколку децении, имало над сто илјади овци, иако денеска, според некои извори, има нешто над 35 илјади грла

може да се дуплира. Во регионов, пред неколку децении, имало над сто илјади овци, иако денеска, според некои извори, има нешто над 35 илјади грла, вели Весел Дука, началник на подрачната единица на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство од Дебар. „Бројните богати летни пасишта во околните планини, преполни со вегетација, овозможуваат да се зголемат стадата и производството на млеко, млечни производи и волна", објаснува Дука. Според него, во овој регион се евидентирани над 150 сопственици на овци, кои најавуваат активности за зголемување на нивниот број.

Сточарот Емро Емро од Жупа има над 3.500 овци и е еден од најорганизираните сточари во регионот. Неговото семејство, со децении наназад, се занимава со овчарство. Тој нагласува дека постојат сите предуслови за развој на овчарството, бидејќи природата на овие простори била дарежлива. „Вегетацијата на пасиштата е бујна. Вода има насекаде во планините, а пасиштата Мала Мегданица, Голема Мегданица, Лучишта и други се меѓу најдобрите во земјава", вели Емро. За неговите стада се грижат десетици вработени. Според овој овчар, и субвенциите што ги дава државата помагаат во зголемување на бројот на стадата.

Семејството на дебарскиот сточар Амзо Марке, исто така, со децении одгледува овци. И тој верува дека бројот може да се дуплира, но според него, надлежните институции треба да го поттикнуваат овчарството преку давање поволни кредити, повисоки субвенции и да менаџираат во организирањето на откупот на јагнињa, на млекото и на волната. Марке подвлекува дека доколку добие поволни кредити и повисоки субвенции, тој е подготвен од 300 овци стадото да го зголеми на илјада.

Цената за откуп е ниска

Сточарите од дебарско-жупскиот регион бараат повисоки откупни цени за јагнињата. Еден од најголемите одгледувачи на овци, Емро Емро, е незадоволен од ниската откупна цена на јагнето, иако вели дека ќе продаде над 2000 јагнињa. И сточарот Амзо Марке вели дека цената за откуп е многу ниска, иако во овој регион има квалитетни јагнињa. „Сточарите се принудени да ги продаваат јагнињата по понудените цени. Тие немаат излез и затоа, потребно е да се зголеми конкуренцијата кај фирмите кои откупуваат јагнињa", објаснува Марке.

Но, во овој регион, кој пред Втората светска војна имал многу богати стада, со самиот процес на иселување на населението, овчарството бележи голем пад. Здруженијата на овчарите наведуваат дека стимулирањето ќе даде резултат да се врати убавата глетка со овци по планините. Според претставниците на здружението „Бело стадо" од Центар Жупа и самите сточари треба да покажат поголемо разбирање за изнаоѓање проекти со кои ќе се стимулира овчарството, потоа да се подобри квалитетот на млекото и млечните производи. Осовременувањето на начинот на одгледување на овци, како и производството на сирење, е потреба, велат во оваа невладина организација. „Доколку се пристапи организирано во однос на покренување на одредени активности од страна на сите сточари, тогаш резултатите ќе бидат многу подобри", вели претседателот на „Бело стадо", Дијаз Таировски. Според него, соработката меѓу сточарите и здруженијата е неминовна потреба.

Кенан Мимидиноски
коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

Со стимулации до двојно повеќе грла

Го продава и по 3.000 денари за килограм

Пчеларот Мамути продава над 35 килограми прополис. Поради ниската цена во земјава, од 800 до 1.200 денари за килограм, вели тој, не се исплаќа неговата продажба. Затоа, Јонуз го носи во Косово и во Албанија, каде што прополисот достигнува и 3000 денари за килограм

„Џиновска топка" прополис

Пчеларот Јонуз Мамути од тетовското село Озормиште има повеќе од 35 килограми необработен прополис. Вели дека во последните три-четири години продал уште речиси толку на пазарите во земјава, на Косово и во Албанија. Овој поранешен наставник почнал со 10 пчелни семејства во далечната 1972 година, а денес во дворот на неговата куќа, како печурки, се наредени околу 150 семејства. Занаетот го поднаучил од својот татко, кој починал кога Јонуз имал само 12 години. Накратко ја прекинал работата со пчеларството, но набргу се вратил кон пчелите. Вели, за да стане добар пчелар, „морав да се консултирам со многу литература".

Во последните повеќе од 35 години Мамути го пече занаетот за производство на прополис. Својата соработка и продажба на прополисот ја почнал со љубљанската компанија „Медекс", каде што праќал по пошта 15 до 20 килограми од овој производ. „Тие ќе го преработеа и ќе ја одредеа класата. Секогаш имав втора класа производ. По распаѓањето на Југославија, продолжив со производството на прополис, но се намалија пазарите. Подоцна, радовишката компанија „Јака Радовиш" купи околу 80 килограми прополис и утврди дека е прва класа. Тоа потврдува дека сум го покачил квалитетот на прополисот", раскажува овој пензиониран наставник.

Прополисот го продава во Косово и Албанија, а мали количества, претежно по препорака, и во земјава. Во Приштина и во Тирана го продава на нивните саеми за пчеларство. Таму, вели тој, постигнува многу повисоки цени отколку во земјава. Го носи и на нашиот саем за земјоделство, но само како експонат, без да го продава. „Ова е квалитетен прополис и нормално е да има висока цена. Го продавам за 50 евра по килограм, иако во земјава, неговата цена е од 800 до 1.200 денари. Во западните држави, таа е и по 150 евра за килограм, но знаете дека цените ги диктира пазарот, а не ние, производувачите", вели Јонуз.

Прополисот ги штити пчелните семејства

Прополисот се добива од папките на дрвцата пред нивното процветување. Лисјата при нивното излегување напролет обложени со прополис, кој според кажувањата на Мамути, ги штити од микроорганизми. Пчелите го собираат од дрвото и го внесуваат во сандаците. Таму го лепат меѓу рамките и платното, како и меѓу самите рамки за да не мрдаат. Освен тоа, ги затвораат сите дупки на сандакот за да се заштити пчелното семејство од ладната зима и со стеснувањето на летата нема да ги напаѓаат други штетници (змии, гуштери, жаби). „Прополисот го користат пчелите за дезинфекција на леглото, каде што претходно лежела ларвата и го чистат теренот за матицата повторно да несе јајца", вели Јонуз.

Многу пчелни производи

Јонуз произведува убав мед бидејќи неговиот пчеларник се наоѓа на медоносен простор, покрај планината Жеден, каде што растат чалија, мајчина душица и багремот, како главна паша за пчелите. Освен мед, произведува и восок. Моментно има околу 250 килограми восок кој може да се употребува во козметиката или за правење саќе. Трет производ, вели Мамути, е поленовиот прав, а следуваат матиците и нуклеусите. Не произведува единствено матичен млеч и пчелен отров, поради тоа што барале многу ангажман.

Годишно, тој собира прополис четири до пет пати. Го собира со тесна шпакла, која е широка колку што е широка рамката. Притоа, препорачува тој, треба да се води сметка да не се измешаат парчиња од рамката со прополисот или прополисот да се измеша со восокот.

Според Мамути, прополисот е природен антибиотик, кој за разлика од синтетичките антибиотици, не прави никакви штети во организмот. Се користи во козметиката, потоа како лек за кожни болести, изгореници, ексцеми, разни пликови и жулеви... „Според некои непотврдени извори, прополисот може да се чува до пет години, само според одредени упатства. Јас го чувам максимум четири години и го продавам", завршува, секогаш расположениот пчелар за разговор, Мамути.

Т. Стојчевски, коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Се за пчеларството
НЕКТАРКООП Куманово
овластен дистрибутер на:

- Минели -Крагуевац
- Ролопласт - Крагуевац
- Златана пчела - Крагуевац
- Технопласт - Крагуевац
- Иванъич - Стара Пазова

- Центрифуги, амбалажа
- Пчеларски капи, блузони
- Препарати, матични решетки
- Рег. на лето, рамки, кошници, нуклеуси
- Погача со полен
- Шеќерна погача
- Био-погача
- Откуп на суров восок
- Продажба на сатни основи

тел: 031 428 737, 031 413 059 ,
070 313 825
ул.Драган Стопаровиќ бр.16 Куманово

Јаки пчелни заедници за главната паша

Земјоделско Пчеларска Задруга
НАПРЕДОК
Тел.++389 2 2 521 055,Факс.2 522 715
e-mail.napredok-zpz@t-home.mk
www.napredok-zpz.com.mk

Во однос на состојбата на пчелната заедница, во овој период, би константирале дека пчелното клубе повеќе не е збиено, полагањето јајца и развојот на пчелното друштво брзо напредува, а сето тоа придонесува до поголем доток на полен и нектар поради, топлото време, како и зголемениот број на новоизлезени пчели кај кои активноста е многу поголема отколку кај презимените пчели. Површината на рамките со легло, од ден на ден, се зголемува и во април може да достигне од 5-7 рамки на запоседнато ново легло. Паралелно со тоа, како што се зголемува леглото, така се зголемува и потрошувачката на храна. Според некои испитувања, во овој период, потрошувачката на мед е 4-5 килограми. Работата на пчеларот во април се состои и во тоа што сите пропуштени мерки (активности) од претходните денови (март), треба да се доработат. Доколку главниот преглед не е извршен, тој треба да се направи во првата недела од април. Се вложуваат напори за непречен развој на пчелната заедница, која по потреба се проширува со додавање на нови рамки. Оваа мерка треба да се спроведува крајно внимателно затоа што, честопати, во овој период наидуваат ладни денови (кои се малку), но можат да нанесат прилично големи штети. Сепак, не треба да се брза на одзимување (вадење на топлотниот материјал). Бидејќи, во овој месец, потрошувачката на храна е зголемена, треба да се води сметка дали во пчелната заедница има храна или не. Доколку нема, задолжително е прихранување со шеќерен сируп збогатен со белковини. Доколку внатре има рамки со стар мед, тие треба да се извдата внимателно и со помош на вилушка, да се отпечати медот. Доколку се забележи дека некоја кошница е слаба, веднаш треба да се санира, старата матица да се отстрани и пчелите да се спојат со друго појако пчелно друштво. Пчелари, препорачуваме, немој да инсистирате на бројка во пчеларникот. Инсистирајте на јаки пчелни заедници за главната паша, а бројката сама по себе си доаѓа. Во претходните месеци кажавме, но добро е да се нагласи повторно - април е крајнот месец пред главната паша, за проверка на здравствената состојба на пчелите. Треба внимателно да се види дали има пролив. Доколку се констатира тоа, пчелното друштво треба да се санира во зависност од присуството на проливот, треба да се тргне од пчеларникот или во сирупот да се третира со лекарства. Крлежот, исто така, е паразит кој може да изненади. Веднаш треба да се третира со средства кои имаат органско потекло, затоа што се наоѓаме во период пред главната паша. Мора да нагласиме и апелираме пчеларите, во овој период, да ги избегнуваат антибиотиците затоа што се штетни по здравјето на човекот. Бидејќи во последно време се поголем замав зазема органското пчеларење, во април треба да се практикува употреба на т.н „контролна рамка" или „рамка градителка". Нејзина улога е да се добие поголема количина на органски восок, контролирање на крлежот и намалување на инстинктот за роење, затоа што пчелите се ангажирани за изградба на контролната рамка, а самото тоа придонесува до зголемување на производството на мед и восок.

Пчелари ви пожелуваме среќна медоносна година!

Продолжување со традицијата на млечни производи

Основана уште во 1954 година, Земјоделско - пчеларската задруга „НАПРЕДОК", денес, е успешна и модерна компанија. Се вбројува во поголемите македонските фирми, а воедно и лидери, во сопствено проиводство на млечни производи. Продолжувајќи со традицијата на старата млекарница од 1964 година, сегашната млекарница „МАТИЦА" комплетно е реновирана во 2005 година. Млекарницата работи со најсовремена технологија за обработка на млеко, притоа задржувајќи ги традиционалните рецепти за изработка на кашкавал и сирење, под контрола на висококстручни технолози. Во процесот на производство се употебува автоматска висококвалитетна опрема, изведена од челици што не 'рѓосуваат и се наменети за прехрамбена индустрија. Коморите за зреење и оддржување на производите се од најсовремен вид, а средствата за хигиена на опремата и вработените се во согласност со поставените барања за еколошко производство. Целокупното производство е изработено од пастеризирано кравјо и овчо млеко, доставено од еколошки незагадени предели и секојдневно испитувано во сопствена лабораторија, каде се врши мерење на сите потребни параметри со современи мерни уреди кои вршат запис на целокупните постапки.

Млекарницата ги произведува следниве видови сирење и кашкавал: овчи кашкавал и сирење, мешан кашкавал и сирење, кравји кашкавал и сирење.

Имплементирање на најновите стандарди за квалитет на HASSP и ISO 9001: 2000 се гаранција за квалитетот на производите и заложба за здравјето на купувачите.

Со НАПРЕДОК сте чекор поблиску до природата!!!

Како до повисоки приноси?

Многу добри резултати се постигнуваат доколку расадувањето се врши на рамна површина, со што се добива поголем принос и висок квалитет. Предноста на посадениот расад на рамна површина е во повисоката температура на горниот слој на почвата што овозможува добар развој на растението

Да се расадува на рамна површина

За постигнување врвни резултати во производството на домати неминовно е да се посвети големо внимание на целокупниот процес, почнувајќи од расадопроизводството, сè до финалната активност - собирањето на плодовите. Прво, потребно е производство на добар и квалитетен расад. Тоа ќе се постигне исклучиво доколку биде произведен во квалитетна смеска и при поволни температурни услови. Чист тресет е гаранција за добри почвени активности. По ставање на семката во тресетот, се посветува внимание на влажноста и на температурата на почвата и на воздухот. Температура што гарантира квалитетно поникнување, со висок процент на никнување, е 17 целзиусови степени ноќна и 25 целзиусови степени дневна температура.

По поникнувањето, ноќната температура се намалува на 10-12 степени за да не дојде до брзо растење на самиот расад, а тоа е во ненормална состојба поради немањето отпорност кон болести. По 4-5 дена, температурата повторно се регулира на 15-18 ноќна и 23-25 степени дневна температура.

За да имаме квалитетен расад, исто така, тој треба да се пикира во чист тресет (тука нашите земјоделци грешат, носејќи почва од планините, не знаејќи со каков хемиски состав е почвата и каква pH вредност има). По формирањето на добро растение од домат, тоа е подготвено да биде расадено на постојана локација.

Пред расадувањето на постојаното место, треба да се испита составот на почвата, хранливите елементи, pH и EC вредноста (со каква хранлива вредност располага почвата во моментот на испитување). Потоа се оди со снабдување на почвата со соодветното ѓубриво (со елементи со слаб процент на застапеност). Потребната pH на почвата за производство на домати е 4,6 и EC вредност од 1,5. Многу добри резултати се постигнуваат доколку расадувањето се врши на рамна површина, а не како што тоа се прави обично, во бразда. Позитивниот момент од ваквиот начин на производство е зголемениот принос и високиот квалитет. Бидејќи во пролетниот период имаме пониски температури, доаѓа до потешко загревање на почвата и постигнување на потребната температура за развој на самото растение. Предноста на посадениот расад на рамна површина е во повисоката температура на горниот слој на почвата, што овозможува добар развој на растението. За добар развој и добри приноси е потребна редовна заштита и редовна исхрана, што е различно во различни фази.

Пред расадувањето на постојаното место, треба да се испита составот на почвата, хранливите елементи, pH и EC вредноста (со каква хранлива вреднсот располога почвата во моментот на испитување)

Поголемо внимание на целокупниот процес

Препорачливо е по 10 дена од расадувањето да се оди со ѓубриво богато со фосфор за подобро ожилување: 15-30-15 или 11-44-11, 3-5 килограми по декар неделно. Тоа се врши 2 до 3 пати. Со појавата на првите цветови, се преминува кон исхрана со 20-20-20 и тоа пет килограми по декар неделно. Ваквиот начин на исхрана се врши сè до кршењето на врвот на растението. Третата фаза е исхрана со ѓубрива кои содржат висок процент на калиум. Препорачливи ѓубрива се 16-8-32, 11-6-40, 18-9-27. Многу е важно овие ѓубрива да содржат и два процента магнезиум.

Неминовно е откако ќе се почне со исхраната, да се врши и исхрана со калциум, два килограма неделно по декар, и микроелементи: бор, цинк, железо, бакар... по 200 грама на декар неделно. Во фазата на зреење се користи и монокалиумов фосфат содржан во ѓубривата, во однос NPK 0: 52:34 и тоа два килограма по декар неделно.

Ристо Велков, земјоделски инженер

Со визија до поголем род

Работата со одгледувањето тиква започнува при крајот на април, со сеење, кога има доволно влага во почвата. Влагата создава добри услови за зголемена р'тливост на семето со што се намалуваат загубите

Семејството Минови од Кочани веќе 15 години произведува тиква „печенка". Цане и Снежана Минови гледаат добра перспектива во одгледувањето тиква и од година в година го зголемуваат производството. Почнувајќи со производство на површина од неколку декари во првите години, тие ќе засеат околу 10 хектари. Нивната работа со одгледувањето тиква започнува при крајот на април, со сеење, кога има доволно влага во почвата. Влагата создава добри услови за зголемена р'тливост на семето со што се намалуваат загубите. Се сее како и бостанот - во бразди и на огништа. По никнувањето се врши проретчување на растенијата и се оставаат две до три на огниште. Заради сузбивање на плевелите, се врши риголовање помеѓу браздите со помош на рала. Помеѓу коренитe се обработува рачно. Со растот на растението и зголемувањето на лисната маса, се покрива целата површина и се спречува понатамошна појава на плевели во нивата. Доколку има доволно влага од дождови, дополнително наводнување на тиквите не е потребно. Бербата е на почетокот на октомври и трае цел месец. За собирање на плодот е потребен дополнителен ангажман од работна рака. Приносите се од осум до десет тона по хектар. „Тиквата ја продававме по зелените пазари, а од минатата година и на преработувачите од соковната индустрија. Порано немавме услови за договорен пласман поради малите количества. Сега имаме побарувања од словенечка и од израелска фирма, со кои сме во преговори за потпишување договор за откуп. Се преориентиравме кон органско производство. Голема разлика во цената не добивме, но не се откажуваме од органското", објаснува Цане. Преработувачите ја бараат „печенката" без разлика на кој начин е произведена. Иако Минови имаат намалени приноси во споредба со конвенционалното производство, тие сепак се приврзаници на здравиот начин на производување храна, надевајќи се дека како такви ќе бидат препознаени од своите купувачи. Продажната цена на тиквата минатата година се движеше од 8 до 15 денари по килограм на големо. Правилно складирана, таа може да се чува и до неколку месеци, кога цената достигнува пораст. Се очекува производството на тиква да има свој подем, а за тоа говори и фактот дека таа е ставена на листата на субвенционирани растенија во групата на градинарските култури.

Ова семејство гледа иднина во одгледувањето на оваа култура и има своја визија. Нивните амбиции се еден ден да имаат сопствен капацитет за преработка и добивање производи од тиква. Привлечната боја, аромата и блажината овозможуваат од неа да се прави вкусен природен сок без големо присуство на шеќер. „Печенката" е со портокалова боја и содржи разни витамини. Лекарите ја препорачуваат за консумација заради нејзината хранливост и поради тоа што помага во сузбивањето на разни болести и го олеснува варењето на храната.

Стојанче Анастасов, ФФРМ Кочани
коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

Одгледувањето тиква како бизнис

Расадот е важен за успешно градинарство

Класично производство на расад

Во Липковско се работи според класичниот начин на производство на расад, иако постојат и современи методи на производство

Климатските и почвените услови во општина Липково, Кумановско, овозможуваат производството на зеленчук да биде среднорано и доцно производство. Од градинарските култури најзастапени се доматот, пиперот, зелката, празот, кромидот, бостанот, дињата, кои опфаќаат околу 15-20% од вкупните површини. Адаптирајќи се кон надворешните услови, градинарското производство се одвива главно преку расад. Производство на расад се прави во топли, среднотопли и ладни леи. Тој се произведува кога условите на надворешната средина се идеални, а потоа самата работа бара непрекинат ангажман, знаење, снаодливост и практика. Сè уште во Липковско се работи според класичниот начин на производство на расад, иако постојат и современи методи на производство.

За производството на градинарски култури е потребно да се подготви ран, здрав и добро кален расад. Посебно градинарите кои се занимаваат со производство на расад, веќе ги имаат подготвено пластениците и ги имаат покриено леите со најлон за побрзо да растат и да се развиваат. Сепак, треба да се обезбеди квалитетен семенски материјал. Потоа, треба да се подготват леите каде што се става големо количество шталско прегорено ѓубре.

Градинарското производство во Липково и околината беше многу развиена гранка кон крајот на минатиот век. Нашиот зеленчук се продаваше во екс-југословенските простори и нашите производители на градинарски култури можеа да се пофалат од придобивките во тоа време. Со стеснувањето на пазарот, конкретно со осамостојувањето на Македонија, се намали и побарувачката и се зголемија трошоците за производство. Самите градинари кренаа раце од оваа гранка. Се произведуваше само за лични потреби, знаејќи дека струмичкиот регион е многу понапред на овој план, тамошните фармери навреме ги користеа државните бенефиции, имаа големи површини под заштитен простор и климатски се во поумерена зона на влијание на континенталната клима. Но, по конфликтот од 2001 година, благодарејќи на ФАО-проектот во Македонија, беше опфатен и липковскиот регион, при што на градинарите им се помагаше преку советодавни услуги и обезбедување со квалитетен семенски материјал, ѓубрива, заштита за квалитетно производство во отворен простор (домат, пипер). Од вкупните површини од атарот на општината Липково, околу 4500 хектари се под систем за наводнување, кој веќе е амортизиран, распаднат, се губат големи количества вода и поради сушата има сè поголеми рестрикции за наводнување.

Потребен е ран, здрав и добро кален расад

Многу важен фактор за производство на расадот е и неговата заштита од болести, штетници и плевели. Преку агротехничките мерки треба да се овозможи униформно никнување на растенијата, како и создавање услови кои би ги одржале здрави младите растенија.

Значи, по никнувањето, со калење треба да се зајакне кореновиот систем на расадот. Градинарите кои произведуваат расад, освен за сопствени потреби, го снабдуваат пазарот за потребите на граѓаните кои главно произведуваат зеленчук за нивни потреби. Тие се купуваат во парови, на пример 20 чифта, 30 чифта итн. Сите земјоделци се надеваат дека годината ќе биде бериќетна со производството и со пласманот.

Газмен Саити, Липково

Градинарот Азем Јашари од село Опае ги подготви сопствените леи со расад за пипер и домат. Тој го продава за одгледување во затворен простор. Иако станува збор за семеен бизнис, годишно продава околу 15.000-20.000 корења расад, а се занимава и со градинарско производство на домат, пипер, праз.

УНИБанка

Бисерот на депозитите

ТРИ месечен депозит

• Камата од 8,5% за МКД и 4% за ЕУР
• Пропорционален метод на пресметка на камата
• Фиксна каматна стапка • Без минимална сума за орочување
• Депозитите се осигурени во Фондот за осигурување на депозити

УНИДепозити

инфо центар тел: 02 3111 111

www.unibank.com.mk

НОВО

SANIDAS

Продажба резервни делови и сервисирање

ПОЛЕН ВЕЛ - ВЕЛЕС

070 329 511

MAXIMA

Скопје: ул. Качанички пат бб (Визбегово), (02) 26 53 253, 26 53 254;

Охрид: ул. Железничка 92, (046) 262-846

Вишните се враќаат

Побарувачката на вишна расте и фармерите се надеваат дека вишновите насади ќе донесат и добри пари. Иако вишната е ситно овошје и тешко се бере, таа се јаде многу лесно и со задоволство

Млади стебла вишни, стокмени како млади девојки, се распослани на триесетина хектари во неготински Криволак и месноста Тимјаничка цуцка. Вишните се враќаат покрај Вардар, коментираат неготинчани. Од овие хектари под вишна, годинава, неготинскиот фармер Зоран Ставров очекува околу четиристотини тона род.

Годинава ветува добар род

Имајќи предвид дека досегашната негова преокупација бил тутунот, иако живее во најголемиот лозарски регион во државата, го прашавме зошто решил да произведува овошје и што било пресудно за неговата одлука да ги врати вишните онаму каде што и навистина припаѓаат? „Се работи за земја земена под закуп од државата на 30 години. Таа не е најдобра за одгледување тутун, бидејќи тој, како култура, бара специфични површини и услови. Бидејќи тутунопроизводството е сезонска работа, решив да обезбедиме дополнителна дејност за луѓето кои работат за нас во останатиот период од годината", објаснува Ставров. Вакватa одлука, според него, е донесена по согледувањата на пазарот и потребите од вишни на трпезите. Го имале предвид и тоа што „пазарот бил презаситен со грозје и вино". Стеблата со македонско производство се посадени пред пет години. За нив, компанијата има добиено стимулација од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Лани родиле вишни колку за проба, велат тие. Цената била од 27 до 30 денари за килограм. Годинава, работниците кои ги кројат дрвцата велат дека ветува добар род. Вишната ќе биде наменета за пастеризација, како додаток во алкохол и слично.

„Уште сега бараме пласман за родот. Постои голем интерес кај домашните откупувачи на вишна. Засега произведуваме само суровина, но планираме во иднина да ја преработуваме вишната од овие плантажи", вели Ставров.

Според математиката на Ставров, производството на овој вид овошје е исплатливо, иако засега само инвестираат во насадот, а од годинава ќе почнат и да профитираат.

Во Повардарието вишната созрева еден месец порано

Во минатото, производството на вишна беше карактеристично за Повардарието. Имаше неколку

Државата ги поддржува производителите на вишна

Во подрачната единица на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во Неготино не го кријат задоволството од враќањето на дрвцата кои летно време ќе бидат како вистински елки накитени со мали црвени лампиони. Овде велат дека фармерите како Ставров добиваат по 90 илјади денари од хектар за подигање насад со вишни. Стимулациите од државата не завршуваат тука. Сите кои ќе ја вратат вишната на нивите три години добиваат помош од по 10 илјади денари по хектар за одгледување на насадот. Но, за да ги уживаат овие привилегии, фармерите треба да подигнат најмалку два декара со дрвца.

покрај Вардар

Овошни стебла и производство на овошје 2006г.

	Вкупно	Родни	Вкупен по тон	Кг по стебло
2002	1176	787	3213	4
2003	1157	984	3690	4
2004	1346	1155	7324	6
2005	955	740	5532	7
2006	909	765	6037	8

Број на стебла и површина на овоштарници со вишни

	вкупен број на стебла	вкупна површина ха
Република Македонија	1170838	1339.08
Деловен субјект	30095	407.19
Индивидуален сектор	869886	931.89

Овошни стебла и производство на овошје 2007г.

	Вкупно	Родни	Вкупен по тон	Кг по стебло
2003	1157	984	3690	4
2004	1346	1155	7324	6
2005	955	740	5532	7
2006	909	765	6037	8
2007	1060	932	7034	8

Откуп

Количество на вкупниот откуп на земјоделски производство	78	923	1063	1678	1570
Вредност на вкупниот откуп на земјоделски производство	16974	16305	14489	34188	31250

Србија
Традиција во одгледувањето вишни

Србија има традиција на одгледување вишни. Низ годините, производството на вишна се зголемува. На пример, во 2003 година производството било 75 илјади тона, а денес достигнува до 90 илјади тона. Просечен принос од едно дрво е 12,6 килограми вишни. Од вишни во Србија се произведува џем, сок, ликер и овошен јогурт. Извозот на вишната во смрзната состојба е 49 проценти, свежа 36 проценти и конзервирана 15 проценти.
Денес, во Србија има 1,8 милиони садници слатки вишни и речиси 9 милиони садници кисели вишни.

земјоделски стопанства кои одгледуваа вишнови насади. „Нормално е вишната да се врати покрај Вардар. Овде таа го достигнува најдобриот квалитет и созрева еден месец порано отколку во другите краеви во земјата. Токму затоа и достигнува највисока цена на пазарот", велат стручните лица. Своевремено, во овој дел на земјава имало дури две конзервни фабрики на мал простор во кои производителите на вишна ја гледале својата иднина. Денес тие не се во функција. Но, затоа, побарувачката на вишна расте, велат експертите, и фармерите се надеваат дека вишновите насади ќе им донесат и добри пари. „Вишната е ситно овошје и тешко се бере. Но, затоа многу лесно и со задоволство се јаде", коментираат стручните лица.

Произведуваме суровина, а размислуваме за преработка, вели Ставров

Хрватска
Мараска, заштитен знак на Задар

Задар е познат по одгледувањето мараска (вишна), заштитен и автономен хрватски производ. Има и многу нови насади од оваа вишна. Откупот во 2003 година од оваа сорта бил 50 тона, подоцна се покачил на 100, а денес достигнува до 600 тона мараска. Од неа се користат семките, месото, листовите и цветот. Овој вид вишна служи за правење на алкохолни и безалкохолни пијалаци. Најновиот производ од мараската е сок без конзерванси.

Светлана Дарудова
коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Сојата - предизвик за македонското земј

Неопходно е помасовно воведување, унапредување и зголемување на производството на соја во нашата држава, бидејќи Македонија годишно увезува над 50.000 тони соја и преработки од соја

На дел од територијата на Македонија може да се добијат подобри приноси на зрно од соја дури и од европскиот просек. Како што веќе објавивме, како резултат на повеќегодишните активности во Институтот при Земјоделскиот факултет во Штип, државната сортна комисија призна две македонски сорти соја, „илинденка" и „пела".

1 Сортата „илинденка" е прва македонска сорта на соја, призната од државната сортна комисија, од II група на зреење со должина на вегетација од 135 до 140 дена. Бојата на цветот е бела, а на влакненцата е кафеава. Се препорачува да се сее што е можно порано напролет, но не порано од 25 март. Оваа сорта, поради тоа што е подоцна, не одговара за сеидба како втора култура, освен ако не е наменета за зелена маса за сточна храна. Масата на 1.000 зрна е околу 190 гр. Оптималната густина на сеидба е околу 500.000 'ртливи зрна на хектар. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е околу 4-5 т/ха. „Илинденка" е селекционирана во Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица. На испитување на државната сортна комисија беше од 2001-2003 година.

2 „Пела" е македонска сорта призната во април 2004 година и, за разлика од „илинденка", е со пократка вегетација и спаѓа во група на зреење 00/0, со должина на вегетација од 90 до 100 дена. Бојата на цветот е виолетова, а бојата на влакненцата кафеава. За наши услови се препорачува да се сее од 10 до 15 април. Доколку се одгледува како втор посев, во услови на наводнување, тогаш се препорачува сеидба веднаш по прибирањето на јачменот, т.е. во втората половина на јуни. Масата на 1.000 зрна е околу 180 гр. Оптималната густина на сеидба е околу 600.000 'ртливи зрна/ха. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е околу 3 до 4 т/ха. Оваа линија е селекционирана во Институтот за јужни земјоделски култури во Струмица. На испитување на сортната комисија беше од 2001-2003 година.



Произведуваме, но и увезуваме

Освен нив, други сорти кои би можеле да се одгледуваат кај нас и за кои имаме одредено искуство од повеќегодишните истражувања се:

3 Сортата „балкан" е од I група на зреење со бела боја на цветот и просечна височина во наши услови на одгледување од 80 до 90 см. Бојата на зрното е жолта, а на влакненцата сива. Најоптимален период за сеидба е почетокот на април, а може да се сее и до крајот на овој месец. Густината на сеидба треба да биде околу 450.000 'ртливи зрна/ха. Ако се има предвид дека апсолутната маса на семето, во просек, е 200 грама, тоа значи дека за еден хектар е потребно околу 90 до 100 килограми семенски материјал. Оваа сорта е селекционирана во Институтот за полјоделство и градинарство во Нови Сад.

4 „Равница" е сорта од I група на зреење со виолетова боја на цветот и просечна височина во услови на наводнување од 90 см. Бојата на зрното е жолта,

оделство

Подобри приноси и од европскиот просек

а на влакненцата сива. Најоптимален период за сеидба е април. Се препорачува густина на сеидба од 450.000 'ртливи зрна/ха. Во просек, апсолутната маса на семето е 160 грама, што значи дека е потребно околу 75 до 80 кг/ха семенски материјал. Оваа сорта е селекционирана во Институтот за полјоделство и градинарство во Нови Сад.

5 Сортата „делта" е од група на зреење 0/I, со должина на вегетација 120 до 125 дена. Бојата на цветот е виолетова, а на влакненцата кафеава. За наши услови се препорачува да се сее од 1 до 10 април. Масата на 1.000 зрна е околу 210 грама. Оптимална густина на сеидба е 500.000 'ртливи зрна на хектар. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е од 4-4,5 т/ха. Оваа сорта е производ на семенската куќа „Програин" од Канада.

6 „Корада" е сорта од група на зреење 0/0, со должина на вегетација 100 до 105 дена. Бојата на цветот е виолетова, а влакненцата се кафеави. За наши услови се препорачува да се сее околу 10 април. Масата на 1.000 зрна е околу 180 гр. Оптимална густина на сеидба е околу 600.000 'ртливи зрна/ха. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е од 4 до 5 т/ха. Оваа сорта е производ на семенската куќа „Програин" од Канада.

7 „Супра" е сорта од група на зреење 00/0, што значи дека е малку порана сорта, со должина на вегетација од 95 до100 дена. Бојата на цветот е виолетова, а на влакненцата кафеава. За наши услови се препорачува да се сее од 10 до 15 април, а како втор посев, во услови на наводнување, по прибирањето на јачменот, во втората половина на јуни. Масата на 1.000 зрна е околу 190 грама. Оптималната густина на сеидба е околу 550.000 'ртливи зрна на хектар. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е околу 4 т/ха. Оваа сорта е производ на семенската куќа „Програин" од Канада.

8 „Оак вижн" е сорта од група на зреење 000/0, многу рана сорта со должина на вегетација од 90 до 95 дена. Бојата на цветот е виолетова, а на влакненцата кафеава. За наши услови се препорачува да се сее од 10 до 15 април. Оваа сорта најмногу одговара за сеидба како втора култура по јачменот или пченицата или која било култура која ја ослободува површината до крајот на јуни. Масата на 1.000 зрна е околу 250 гр. Оптималната густина на сеидба ѝ е околу 600.000 'ртливи зрна на хектар. Производниот потенцијал за принос на семе ѝ е околу 4 т/ха. Оваа сорта е производ на семенската куќа „Програин" од Канада.

Секако дека постојат и други сорти и линии кои би можеле со успех да се одгледуваат во Македонија, но за нив засега не можеме да дадеме карактеристики и препораки, бидејќи немаме резултати од полски испитувања. Во кочанско, во текот на 1995 година, се испитувани шест вариетети соја („мома", „спрингфилд", „боса", „хадсон", „80053" и „стареј"), претежно од американско потекло и со подолга вегетација (околу 145 дена). Од овие сорти се добиени солидни резултати во услови на наводнување (од 3000 до 6000 кг/ха). Секако, не треба да се занемари и селекционирањето на сорти кај нас, бидејќи најадекватен и највевтин семенски материјал е оној кој е создаден на поднебјето каде што ќе се одгледува културата. Неопходно е помасовно воведување, унапредување и зголемување на производството на соја во нашата држава, бидејќи Македонија годишно увезува над 50.000 тони соја и преработки од соја.

Проф. д-р Љупчо Михајлов
Земјоделски факултет
Универзитет „Гоце Делчев", Штип
коментари: blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

БАЛКАН БИОСЕРТ

АГЕНЦИЈА ЗА КОНТРОЛА
И СЕРТИФИКАЦИЈА НА
ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ,
ПРЕРАБОТКИ И ПРОМЕТ

ЕДИНСТВЕНА АКРЕДИТИРАНА
ВО МАКЕДОНИЈА И ОВЛАСТЕНА ОД
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО,
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

ул. Даме Груев бр. 5-8/9 Скопје
тел./ факс 02/3239 239
e-mail: balkanbiosert@t-home.mk

Желба за грациозност

Поради тоа што во Македонија нема соодветни стручни лица за колење на овој вид живина, нашиот бизнис стагнира. Сепак, се надеваме на подобро, оти доколку не се надевавме, требаше да ги продадеме ноевите пред извесно време, при првата понуда од еден италијански бизнисмен, вели пензионираниот фармер Бафчари

На левата страна на автопатот Тетово-Скопје, поточно во близина на наплатната рампа кај Желино, ноевите со својата грациозност отсекогаш го привлекувале вниманието на патниците. За ваквата убава глетка треба да му бидеме благодарни на семејството Бафчари, кое пред четири години почнува со одгледување на ноеви по потекло од Зимбабве. Купиле осум единки, но три години подоцна, нивниот број се зголемува на 80. Седумдесет и тригодишниот Мефаил Бафчари посветува многу труд и љубов кон ноевите. Кај него сè уште постои желба за работа, иако работел околу 40 години во Белград, како ложач за парно греење.

Бизнисот почнал многу едноставно. Низ разговор помеѓу неговиот син Агим и колегата Бобан, вработен во Министерството за внатрешни работи и одгледувач на ноеви, тој навлегува во тајните на бизнисот. Овој фармер раскажува дека ноевите не прават големи трошоци. Се хранат само со концентрат и за едно денонoќие трошат кило-

Преку разговор до сериозен бизнис

Ноевите бараат многу труд и љубов

Целосна корист од нојот

Специфичниот дизајн на кожата, нејзиниот квалитет, мекост и издржливост овозможуваат обработка од која се добива разна кожна галантерија, ремени, чанти и обувки. На пример, цената на еден пар обувки од ноева кожа се движи од 200 до 280 евра. Ноктите се користат за изработка на накит и вештачки нокти за надградба, очите за правење леќи, пердувите за чистење на компјутерите, а лушпата од јајцето за изработка на скапоцени ламби и украси.

Поддршка од државата

Платежната агенција ги поддржува одгледувачите на ноеви. До крајот на минатата година, според критериумот за регистрирано одгледувалиште, со минимум четири возрасни единки, поддршката изнесувала 1.335,00 ден/глава. Годинава, за регистрирано одгледувалиште со минимум четири возрасни единки, поддршката е 1.700.00 ден/глава. За оваа година се планира исплата на 2.210.000,00 денари. Лани биле исплатени вкупно 29 фармери со 357 ноеви.

грам и половина. „Во Македонија постојат кланици во Кавадарци, Скопје, Ресен, но таму нема соодветно стручно лице за колење на овој вид живина. Поради тоа, нашиот бизнис стагнира. Сепак, се надеваме на подобро, оти доколку не се надевавме, требаше да ги продадеме ноевите пред извесно време, при првата понуда од еден италијански бизнисмен", вели пензионерот-фармер Бафчари.

Досега продале само 20 ноја, но како што велат, нивна цел не е да ги продаваат, туку да почнат бизнис со продавање на нивното месо и други делови од телото. Ова вкусно месо, вели Бафчари, мора да се најде на секоја трпеза. Нивниото месо чини околу 40 евра за килограм, без коска, а 20 до 25 евра за месо со коска. „Со продавање на нивните јајца ќе се постигнат резултати оти тие се многу скапи. Едно парче чини 20 евра, а тежат од килограм и половина до два килограма. Нив ги откупуваат индивидуалци, заинтересирани и љубопитни лица, бидејќи тежината не овозможува лесен пласман и транспорт", објаснува овој фармер.

Како што раскажува Бафчари, еден ној снесува до 40 јајца во сезона, која трае околу пет месеци, од април до септември. Сега, моментално, вели тој, тие се рамножуваат. Затоа, помладите ноеви се чуваат посебно, во куќниот двор и за нив се грижи снаата Хасиме. Но, во работата со ноевите, на Бафчари му помагаат внуците, преку снабдување со храна и други потребни состојки.

Мајлинда Ибраими

коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Најголема фарма за репродукција

Најголемата фарма за репродукција и товење на ноеви на Балканот се наоѓа во Преспа и е во сопственост на компанијата „Агроплод - Свислион". Во репроцентарот се одгледуваат ноеви-репродуктори, во 45 бокса во кои живеат по три ноеви семејства. „Имаме и инкубаторска станица, во која од снесените јајца се испилува подмладокот. Покрај обезбедување на подмладок, се гојат ноевите, кои во еден циклус достигнуваат и тежина до 150 килограми. Цената на еден млад ној е 100 евра, а за возрасните е над 2.000 евра. Оваа фарма е според европските стандарди и чека зелено светло од државната администрација за отворање современа кланица според HASSP стандардите во Штип. На оваа одлука чекаат 50 фармери со околу 1.300 ноеви-репродуктори, главно од Демир Хисар, Кочани и Велес", вели директорот на фармата, Душан Спиров.

Хрватска

Фармерите во Хрватска сметаат дека ова е интересна земјоделска гранка, која не побарува многу труд и капитал, а вложеното брзо се враќа. Сточарите од оваа држава не се искусни и немаат познавања на технологијата во одгледување и инкубација на ноевите, велат тие. За скапите производи, исто така, нема голем интерес на тамошниот пазар. Несодветното количество на производство го стопира извозот, за кој е потребен одреден сертификат, со кој би се пробиле на европскиот пазар. Тие бараат државата да донесе одредена законска регулатива која ќе го овозможи извозот.

Србија

Стотина фармери во Србија одгледуваат ноеви. Тие веќе ги обработуваат месото, кожата и пердувите. Исто како и во Хрватска, овие фармери се соочуваат со проблемот на непостоење на соодветна законска регулатива за одгледување и индустриска обработка на нојот.

Македонија

Ново црвено месо може да најдеме и во нашите маркети во смрзната состојба. Цената е 614 денари за килограм.

Желба, идеја, профит...

Во текот на зимата, јајцето го задржува квалитетот и до 15 дена. За семејството Ангелови, посебно загрижувачки се летните месеци кога произведените јајца треба да се продадат за 5-6 дена

Ја исполнуваат желбата на дедо Дојчин

Кога ќе се спојат идејата и трудољубивоста, резултатите ќе дојдат. Убав пример за ваквата народна изрека е семејството Ангелови од пробиштипското село Неокази. Изминативе години тие се воделе од големата желба на најстариот член - Дојчин. „Имав желба во родното место да подигнеме живинарска фарма во која ќе се вклучат најблиските. Задоволен сум од она што го постигнавме. Почнавме пред осум години со 280 јарички. Бевме трпеливи и набргу се радувавме и на првото поголемо количество сопствени произведени јајца", објаснува Дојчин. Како што кажува тој, јатото го проширале со уште 240 несилки.

Работа со стручни лица

Во првите месеци, најголем проблем претставувала подготовката на храната. „Освен концентратот, потребни беа и дополнителни смеси од детелина, соја и други состојки и витамини". За секоја несилка морале да обезбедат дневна доза од 120 грама. Од пред некоја година, тие купуваат храна од скопска фирма.

Од фармата на семејството Ангелови од село Неокази, оддалечено 3-4 километри од Пробиштип, веќе се слуша распеано кокодакање на над 1.000 несилки и уште 1.060 јарички. „Задоволни сме со ваквиот начин на чување несилки во полна зрелост и нивна замена со подмладок, затоа што немаме прекин во производството", вели снаата Емица Ангелова. Подмладокот го добиваат исклучиво од бројлерскиот репроцентар од Крива Паланка. Работат според нивна проверена програма. Редовно ги следат потребните укажувања од стручните лица за вакцинација и одржување на условите и хигиената во фармата. Пред да ја започнат соработката со стручните лица, на фармата имале голема смртност. Посебно критичен бил периодот од 6 до 10 недела. „По извесно време сфативме дека тоа е поради нехигиена на поилките. Се учевме на сопствените грешки. Денес од 1050 пилиња, смртноста од 4-5 единки е речиси и занемарлива", објаснува снаата.

Сите на фарма

На фармата се вклучени сите, од највозрасните, дедото Дојчин и бабата

Ѓубривото - сопствена добивка

Семејството Ангелови има и дополнителна добивка од фармата со несилки. За ѓубрење на сопствените обработливи површини не користат вештачки ѓубрива. „Зошто би користеле кога изметот од кокошки е незаменливо ѓубриво. Покрај тоа што е мошне хранливо, имаме и вистинско органско производство. Задоволни сме и од приносот. Минатата година, изметот од кокошките го употребивме за ѓубрење на хектар и пол. Пченката се истури од род. Собравме по 700 килограми пченка од декар површина. Но, за овој вид ѓубрење е потребно поголемо количество вода за разложување на ѓубривото. Ако се случи да изостанат потребните дождови, растенијата се сушат, а со тоа потфрлува и родот", вели Дојчин.

Дневно производство
од близу 800 јајца

Вена, синот Зоран и снаата Емица. Засега се ослободени внукот и внуката. „Во фармата во секое време мора да има присутен човек. Најголем проблем претставува водата. Работата не е физички тешка, колку што оптоваруваат постојаните обврски за одржување на условите за нормално функционирање на живината. Ако еден ден не им се даде вода, тие казнуваат со ненесење јајца по неделa дена", вели дедото Дојчин.

Од желба до реализација

По десет изминати години Ангелови се задоволни од остварeното. „Ја исполнивме желбата на дедо Дојчин. Неговата идеја за нас, во тоа време, не беше прифатлива бидејќи и јас и сопругот бевме вработени. Имавме добра работа и солидни плати. Но и покрај нашето противење, за да не му го скршиме атерот, почнавме да се вклопуваме и во работата на фармата. Не згрешивме бидејќи пред неколку години и двајцата останавме без работа", вели Емица. Тие почнале интензивно да набавуваат соодветна стручна литература и апарати за стандардизирање на производството. „Ја имаме најнеопходната опрема. Од неодамна го имаме и апаратот за сортирање на јајца, бидејќи со носивост од 89% на несилките или со дневно производство од близу 800 јајца, работата е олеснета. Нам ни останува јајцата да ги спакуваме и да ги однесеме на пазар и до нашите постојани купувачи на големо", вели Емица.

Како и сите млади и амбициозни бизнисмени, како регистрирани земјоделци-фармери, се преокупирани со планови за изградба на нов објект во кој би можеле да сместат пет илјади несилки. Доколку успеат да ги остварат плановите, тогаш ќе останат конкурентни со цената на јајцата на пазарот, каде што има сè помалку производители, а се зголемува бројот на прекупците кои живеат од нивниот труд и производ.

Летото проблематично за јајцата

Во текот на зимата, јајцето го задржува квалитетот и до 15 дена. За семејството Ангелови, посебно загрижувачки се летните месеци кога произведените јајца треба да се продадат за 5-6 дена. „Во летниот период, големите фарми рентабилното работење го одржуваат со чување на јајцата во ладилници и по неколку дена. Ако тоа потрае повеќе денови, се решаваат да се ослободат од вишокот производство со снижување на цената. Тоа го користат прекупците. Со јајца извадени од ладилниците се појавуваат на пазарот со нереални цени. Со ова се затечени и купувачите, па при купувањето се во дилема дали да изберат свежи или јајца од ладилник со пониска цена", раскажуваат Ангелови. За да опстанат на пазарот, пред минатото лето, биле принудени да го намалат јатото несилки дури за 50 отсто. Ова најмалку го посакуваат, но вакви периоди, според нив, се појавуваат еднаш на четири до пет години. Во семејството Ангелови се надеваат дека со вложување на сопствени средства и осовременување на објектите би се чувствувале посигурни, но само доколку се посветат само на работата на фармата, а за произведените јајца би имале загарантиран пазар или постојан купувач. За остварување на своите бизнис-планови добија и парични средства од владината програма за самовработување. Овие млади фармери се надеваат дека Владата, односно МЗШВ, конечно ќе ги има предвид и одгледувачите на живина и дека и за нив ќе се издвојуваат пари за развој и осовременување на овој вид производство.

Трајче Строимановски

коментари: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

Трактор на горивни ќелии

На најголемата светска изложба на земјоделска механизација, СИМА 2009 во Париз, беше претставен тракторот New Holland NH2 кој за погон користи горивни ќелии. Тие се како батерии, составени од анода, катода и електролит, а од нив се разликуваат по тоа што не ја чуваат хемиската енергија, туку хемиската енергија на горивото ја претвораат во електрична енергија

Хемиската ја претвораат во електрична енергија



Замена за фосилното гориво

Горивните ќелии се решение за замена на фосилното гориво како погон кај моторните возила. Тие се електрохемиски уреди за непосредно претворање на хемиската енергија на водородот и кислородот во еднонасочна електрична енергија, а дополнителен производ од ова е водата. Горивните ќелии се како батерии, составени од анода, катода и електролит, а од нив се разликуваат по тоа што не ја чуваат хемиската енергија, туку хемиската енергија на горивото ја претвораат во електрична енергија. Поради тоа, на горивните ќелии не им е потребно полнење за да можат да произведуваат електрична енергија сè дотогаш додека е присутно горивото и кислородот. Како гориво најчесто се користи водородот поради високата реактивност што ја намалува потребата од скап катализатор.

На најголемата светска изложба на земјоделска механизација, СИМА 2009 во Париз, беше претставен тракторот New Holland NH2, кој како погон користи горивни ќелии. Кај овој трактор, класичниот дизел-мотор со внатрешно согорување е заменет со електромотор со моќ од 78 kW. Енергијата ја добива од литиум-јонска батерија и од горивните ќелии. Тракторот е со погон на сите четири тркала (4x4). Тој располага со резервоар за водород, кој го ограничува времето на работа на тракторот на 1,5 до два работни часа.

Економичноста на овие трактори се гледа во тоа што се користат на фарми каде што има предуслови за производство на електрична енергија. Произведената електрична енергија на фармите се добива со помош на сончевата енергија и на ветерот. Таа може да се искористи за компримирање на водородот во посебни резервоари, кои може да се вградат на тракторот. Компримираниот водород, во реакција со свежиот воздух, го задвижува електромоторот на тракторот, а погонот го пренесува на сите четири погонски тркала. Кај овој трактор е вграден современ автоматски менувач, кој за време на работата е тивок и многу ефикасен. Со него, тракторот постигнува брзина на движење во дијапазон од 0,3 до 30 km/h. Менувачот, врз основа на добиениот сигнал од сензорите, го координира преносот на вртежниот момент со притискање или пуштање на педалата за гас. Во зависност од работната операција и од типот на почвата, постојат три модули на педалата за гас: 30%, 60% и 100% од максималната моќ. Бучавата во кабината кај овој трактор е сведена на минимум, односно се слуша само работата на електромоторот.

проф. д-р Драги Таневски, ФЗНХ

300 илјади евра за тракторот

Моделот на овој трактор сè уште е во фаза на тестирање, но компанијата New Holland планира во следните две години да продолжи со развој на овој проект, а во 2013 година би можело да започне со сериско производство на трактори со горивни ќелии. Поради скапата технологија што се користи, производството на овој трактор е неисплатливо. Сегашната цена изнесува 300.000 евра и затоа се чека технологијата да поевтини.

Подароци за сите претплатници

Почитувани претплатници,

За сите оние кои ќе одговорат на прашањето **„што најмногу, а што најмалку Ви се допаѓа во списанието Моја Земја"** и одговорот, заедно со пополнетиот купон, го испратите на следната адреса:

За ФФРМ Медија,
улица Гиго Михајловски бр 3,
1000 Скопје,

ќе добиете еден од наведените три подароци. Во купонот наведете кој од овие три подароци најмногу Ви се допаѓа.

ЗАЕДНО СО КУПОНОТ ИСПРАТЕТЕ И КОПИЈА ОД УПЛАТЕНАТА ПРЕТПЛАТА ЗА 2009 ГОДИНА

Кој напис најмногу, а кој најмалку Ви се допаѓа во списанието Моја Земја?

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

Избран подарок:

а) Капа б) Маица в) Шолја

Купон за претплата

Со овој купон неотповикливо се претплатувам на 12 броја од списанието „Моја Земја".
Годишната претплата од 550 денари (за членови на ФФРМ) односно 850 денари (останати читатели), со вклучен ДДВ, ја уплатив на жиро сметка на ФФРМ Медија, број 250-0050000485-38, депонент Инвест Банка, со назнака „Годишна претплата за списанието Моја Земја" (образец ПП-10), од:

Име и презиме на претплатникот:

_____

Адреса: _____

_____

Телефон: _____

За дополнителни информации, контактирајте нè на телефонскиот број 02 30 99 042

Почитувани читатели,

„Моја Земја" и „Toka Ime" Ви овозможуваат БЕСПЛАТНО огласување. Доколку сакате да купите, продадете или да најдете нешто, Ве молиме, исечете го овој купон и пратете го на следнава поштенска адреса:
Редакција на списание „Моја земја" или „Toka Ime"
Улица „Гиго Михајловски", број 3
1000 Скопје

КУПУВАМ - ПРОДАВАМ - БАРАМ

_____

_____

_____

_____

_____

_____

_____

За огласот да биде објавен во наредниот број на списанијата „Моја Земја" и „Toka Ime", БЕСПЛАТНИОТ купон треба да пристигне до редакцијата, најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

Огласот треба да содржи максимум 15 зборови, а доколку имате поголем оглас, тогаш контактирајте ја редакцијата на 02/3099042.

Освен преку пошта, купонот може да го пратите и на следнава маил адреса: todor.stojcevski@ffrm.org.mk

ОГЛАСИ

ПРОДАВАМ

Лозови и овошни садници со уредна декларација за потеклото на садниот материјал, со можност за земање на субвенција од државата. 071/2650708 075/792621

ПРОДАВАМ

Продавам машки шумски фазани стари 8 месеци. Можна е и замена. Цена по договор

072/538-144

Да, ова е орање!

VOGEL NOOT

SOIL SOLUTIONS

www.vogel-noot.info

sinpeks

Застапник за Македонија:
Синпекс ДОО - 7000 Битола, тел.047 208500 -
www.sinpeks.com.mk

Плуг на кој можеш да му веруваш

Кога на едно место ќе се соберат главните карактеристики, се гледа дека VOGEL & NOOT направиле плуг кој се штити од механички повреди, го штеди вашето време, вашите пари, а обработената површина има одличен квалитет

Плугот VOGEL & NOOT MS 850 ST претставува вистински избор за средни и големи фармери. Плугот, пред сè, е наменет за обработка на почви во кои има камења, корења и слични пречки за орање без застој или т.н. нон-стоп орање. Самиот плуг има заштитни механизми од оштетувања кои можат да настапат при зафат со поголеми камења или пречки во почвата. Овие механизми значително

Цената со ДДВ на ваков четирибразден плуг во Македонија изнесува 6.300 евра, додека 5-бразден плуг чини 9.300 евра

му го продолжуваат работниот век на плугот, бидејќи не доаѓа до „разнишување". Изведбата е со пружини, кои при оптоварување го креваат плужното тело во горна заштитна положба и по преминувањето на пречката го враќаат плугот во неговата работна положба. Предноста на овие пружини е добивање во време. Со нив, за разлика од изведбата со осигурувачи кои работат на принцип на кинење, не се губи време и нема непотребен застој за повторно враќање на плугот во работна положба, повторно оспособен за работа.

Плугот VOGEL & NOOT MS 850 ST, со своите импресивни 32 до 44 cm по работно тело и со можност за вклучување до максимум пет работни тела, а со тоа и зафат од 220 cm обработлива површина, има потреба од трактор кој располага со моќност во опсег од 120 до 160 коњски сили. Секој плуг е опремен со претплужни тела кои служат за почетно превртување на земјата, а потоа главното плужно тело целосно ја превртува. На овој начин, растителните остатоци се целосно затрупани (На сликата се гледа црна лента, за разлика од онаму каде што е орано со други плугови - таму има остатоци од слама на површината). Со неговиот клиренс од 85 cm овозможува одличен проток на растителни остатоци што може да ги има почвата која се обработува.

VOGEL & NOOT нуди можност за избор и промена на разни плужни тела во зависност од структурата на почвата. За нашите почви, докажан избор се полните плужни тела ралник, како на сликата, и клин од предната страна. Во Овче Поле, искуството покажува дека промената на ралниците е по изорани 40 ха, со тоа што клинот се превртува на изорани 20 ха, а ралникот се наварува. Кога на едно место ќе се соберат главните карактеристики, се гледа дека VOGEL & NOOT направиле плуг кој се штити од механички повреди, го штеди вашето време, вашите пари а обработената површина има одличен квалитет. Самиот плуг е направен од материјали кои ветуваат дека и по долгогодишна експлоатација, ќе ги зачуваат своите почетни механички карактеристики.

Сè на сè, VOGEL & NOOT MS 850 ST навистина претставува плуг на кој можеш да му веруваш!

Благојче Котески

©Print Mark

AGROVOJVODINA MEHANIZACIJA - NS D.O.O.E.L.

Ул. Првомајска б.б. нас. Пинтија, 1050 Скопје
Тел./Факс: 02/**27 00 904**; **27 00 915**; **27 94 124**
с.Логоварди - Битола, Тел.: **071 261 065**

БЕЛАРУС 921.3
Лозаро-овоштарски трактор

Беларус-921.3 е малогабаритен трактор наменет за обработка на лозарско-овоштарски површини, кој е во состојба да извршува цел комплекс на активности како што се: обработка на почвата мегу редовите, прскање, резидба на стеблата, транспортни операции со утовар и растовар при собирање на реколтата, собирање и дробење на растителните остатоции многу други операции потребни во лозаро-овоштарското производство.

Тракторот може успешно да се користи во области како: живинарство, градинарство во оранжерии, планинско земјоделство како и во шумските стопанства. Тој е универзален и приспособен за работа во различни почвено климатски и релјефни зони.

Благодарение на малата височина (2340мм) и нискиот тежиштен центар (838мм) тракторот е способен да работи на терени со наклон од 10 степени. Во него се вградени редица делови од реномирани производители: турбокомпресор Ч3 (Чешка), воздушен филтер DONALDSON, седиште KAB, гуми CONTINENTAL, фарови FER, ремени TECHNOBELT (Германија), горивна апаратура JAZDA.

Моторот е 4-ри цилиндричен, реден, со водено ладење, турбокомпресор и интеркулер, со моќност од 95КС. Вртежниот момент достигнува 386 N/M при 1400 врт/мин.

Тој е економичен и лесен за експлоатација и одржување. Благодарение на тоа тракторот е многу постојан и економичен со ниски екплоатациони трошоци и висока продуктивност. Моторот соодвествува на еколошките барања ЕУРО 2.

Спојката е сува, еднодискова.

Трансмисијата на тракторот е исклучително постојана.

Менувачката кутија е механичка, степенаста, со два дијапазона со 18 брзини напред и 4 назад со рачно вклучување на дијапазоните.

Дијапазонот на брзината се движи од 1,8 до 33,6 км/час.

Диференцијалот на задниот дел е самоблокирачки со зголемено триење, а механизмот за блокирање е хидраулички, фрикциона спојка со механичко управување.

Радиусот на вртење е само 4 метри

Предниот водечки мост е портален со планетарно-цилиндрични редуктори, а главното предавање на силата се врши со конусни запчаници со сферични заби. Зголемената носечка способност на предниот мост во сооднос со тркалата дозволува да се користат машини со значително голема маса.

Сопирачките се суви дво дисковни, а педалите се висечки. И тука напорот на корисникот се намалува со посредство на хидростатичното задвижување.

Управувањето е хидраулично со пумпа-дозатор и двојнодејствувачки цилиндер во управувачкиот трап.

Едно од основните предности на тракторот кој е карактеристичен за оваа класа на трактори е радиусот на вртење од 4м со агол на вртење на тркалата од 49 степени и наклон од 8 степени.

Хидрауличниот систем е разделно задвижуван, а благодарение на двата цилиндра на хидрауликата максималната тежина на дигање достигнува до 4000кг.

Со два извода за задното и еден за преднотото закачување дозволува задвижување на две машини истовремено..

Кабината е заштитена, изолирана, комфорна, и со добар дизајн.

Пултот за управување е изработен заедно со управувачот и може да се регулира спрема корисникот.

Од прв поглед станува јасно дека **Беларус**-921.3 е трактор од ново поколение на производителот од МИНСК Република Белорусија.

Тракторот е особено погоден за обработка на лозови насади

Промет на берзата во Нови Сад од 9 до 13 март 2009 година

производ	понудена количина	продадена количина во тони	Финални цени во дин/кг со ДДВ
пченка,вештачки сушена ЈУС квалитет, род 2008.ринфуз	1.380 тони	1.380 тони	8,86 - 9,07 дин/кг
пченица, меркантилна, ЈУС квалитет, род 2008., ринфуз	219 тони	50 тони	12.96 дин/кг
Сончогледова сачма сачма мин. 33% протеини	175 тони	50 тони	9,68 дин/кг
Сончогледова сачма сачма мин. 33% протеини плаќање за 15 ден	10 тони	10 тони	11,45 дин/кг
Соина сачма сачма мин.44% протеини ринфуз	93 тони	93 тони	41,65 -41,89 дин/кг
УРЕА мин 46% N	99,92 тони	49,92тони	28,08 дин/кг

1 Евро = 94,01 Динари

Цена на овошје и зеленчук во Србија на кванташките пазари за период од 9 до 15 март, 2009 година

Кванташки пазари	Цени во Белград во дин.	цени во Ниш во дин.	Цени во Нови Сад во дин
Јаболка Ајдаред	40 дин/кг	40 дин/кг	35 дин/кг
Јаболка Златен делишес	50 дин/кг	50 дин/кг	40 дин/кг
Круши	150 дин/кг	/	/
Ореви	400 дин/кг	350ден/кг	450 дин/кг

Цени на берзата во Будимпешта	пченица	пченка
	111.06 евра/т (futures мај 09)	98,14 евра/т (futures мај 09)

Цени на берзата во Париз на 13.03.2009 година	пченица	пченка
	137,50евра/т (futures мај 09)	131,75евра/т (futures јуни 09)

Движење на цените на мартовскиот фјучерс за пченица на чикашката берза од 03.11.2008 до 13.03.2009



Движење на цените на мартовскиот фјучерс за пченка на чикашката берза од 03.11.2008 до 13.03.2009



Цена на овошје и зеленчук во Хрватска за период од 09 до 15 март ,2009 година

	Средни цени Во Осјек во Куни	Цени во Сплит во Куни	Цени во Загреб во Куни
Јаболка Ајдарет	4.80кн/кг	5.00 кн/кг	4.50 кн/кг
Јаболка Златен делишес	7.25 кн/кг	6.00 кн/кг	4.50 кн/кг
Домати	11,25 кн/кг	15.00 кн/кг	11.50 кн/кг
Краставица	15.67 кн/кг	15.33 кн/кг	13.00кн/кг
Зелка	2.93 кн/кг	3.00 кн/кг	3.00 кн/кг
Морков	5.05 кн/кг	7.00кн/кг	5.00кн/кг

1 Евро = 7.44 куни

Кланични цени на жива стока во Србија за периодот од 9до 15 март 2009

вид на стока тежина раса	доминтна кланична цена
Бикови > 500 кг. ХФ	170 дин/кг
Бикови > 500 кг. СМ	190 дин/кг
Јагнињa	230 дин/кг
Јунинња 350-480	170 дин/кг
Јуници	160 дин/кг
Крави за колење	100 дин/кг
Овци	100 дин/кг
Прасиња над 25 кг	200 дин/кг
телиња 80-160 кг СМ	260 дин/кг
Свињи товјеници Прва класа 90-120 кг	140 дин/кг
Свињи товјеници Втора класа 90-120 кг	120 дин/кг
Свињи товјеници над 120 кг	100 дин/кг

Преглед на цените 18 март 2009 година cob fjucers

пченица	189.30 $/т
пченка	148.26 $/т

Фјучерси се нарекуваат стандардизираните договори за купување или продажба на одредена количина на стока по утврдена цена и одреден рок во иднина

коментари:
blagojche.najdovski@ffrm.org.mk

заштита на домати од болести

од после расадување

цветање

до заврзување на плодови

Биолошки проблем			
Пламеница	Ridomil Gold Combi 45 WG	Ridomil Gold MZ 68 WG	
Сиво и бело гниење		Chorus 75 WG	Switch 62,5 WG
Пепелница		Topas 100 EC	Thiovit Jet 80 WG
Црна дамкавост	Score 250 EC		

заштита на винова лоза од болести и штетници

од мирување

отварање на папките

до големина на ластари 15 см

Биолошки проблем			
Презимувачки форми на штетници	Бело Масло 98,5 ЕЦ - ХП		
Пламеница		Bravo 500 SC	
Фомопсис	Бакар	Bravo 500 SC	
Пепелница	Thiovit Jet 80 WG		

заштита на јаболко од болести и штетници

од мирување

глувчи уши

до розе папка

Биолошки проблем			
Презимувачки форми на штетници	Бело Масло 98,5 ЕЦ - ХП		
Чадлива краставост	Бакар	Chorus 75 WG Хромозеб 80 ВП	
Пепелница	Thiovit Jet 80 WG		

Наведените информации се делови од комплетните програми за заштита на соодветните култури.
телефони: (02) 3113 292; (02) 3237 563; (02) 2722 610;
www.hromospesticidi.com.mk

Austin LTD

Ексклузивен дистрибутер на системи за наводнување

John Deere Water Technologies

Дистрибутер на течни вештачки ѓубрива Алкалоид

Телефон: 070 637637
Адреса: Тоде Думба 56а Куманово
E-mail: austin@t-home.mk
Web: www.johndeerewater.com
Web: www.t-tape.com
Web: www.plastro.com

JOHN DEERE WATER TECHNOLOGIES

T-Tape

PLASTRO

ALKALOID SKOPJE



Траки за подземно наводнување

Системи капка по капка Шпагети



Системи против мрзнење

Фогери

Системи за мониторинг, анализа и фертигација